# Годишен извештај за работата на училиштето

# АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје

# за учебната 2024/2025 година




Скопје, август 2025 година

## СОДРЖИНА


1. Лична карта на Училиштето....4

2. Вовед....5

3. Организација на работата на Училиштето....8

3.1. Материјално-техничка подготовка....8

3.2. Организација на наставниот процес....8

3.2.1. Образовни профили и опфат на ученици....9

3.2.2. Наставен и раководен кадар....10

3.3. Реализација на Годишната програма за работа....11

3.3.1. Реализирани програми и стратегии за позитивна работна клима....15

3.3.2. Ученички заедници и организации....22

3.4. Успех на учениците на крајот на учебната година....23

3.5. Извештај за Државна матура и Завршен испит....26

3.6. Летопис....24

4. Реализација на наставата....25

5. Воннаставни активности реализирани во учебната година....27

5.1. Секции и клубови....27

5.2. Ученички натпревари и постигнувања....28

5.3. Трибини и презентации....30

5.4. Работилници и едукативни предавања....31

5.5. Истражувања во Училиштето....34

5.6. Проекти....35

5.7. Активности како иновации, експериментирања и мали проекти во функција на унапредување во наставата....42

5.8. Општествено-корисна и културна дејност....43

5.9. Професионален развој на вработените....47

5.10. Развој на споредни дејности....52

6. Работа на управните и стручните органи и тела....52

6.1. Училиштен одбор....52

6.2. Совет на родители....53

6.3. Наставнички совет на Училиштето....53

6.4. Менаџерски тим на Училиштето....53

6.5. Стручни активи....54

7. Екскурзии....55

8. Извори на финансирање....55

9. Соработка на Училиштето....57

10. Самоевалуација на Училиштето и изработка на нов Развоен план....60

11. Заклучни согледувања и предлог-мерки за унапредување на дејноста....61

## 1. Лична карта на Училиштето

### Општи податоци за Училиштето

| | |
|---|---|
| **Име на Училиштето** | Автосообраќаен училишен центар „Боро Петрушевски“ на Град Скопје |
| **Адреса,општина** | бул. „Александар Македонски“ бр. 26 |
| **Тел./факс, e-mail** | ++389 2 3 115 819, info@asuc.edu.mk |
| **Основано од** | Град Скопје |
| **Верификација - број на актот** | Уредба бр. 9115 |
| **Година на верификација** | 17.9.1947 |
| **Тип на градба** | Тврда градба |
| **Површина на објектот** | Зграда за теоретска настава – 5.550m$^2$, зграда за практична настава со двор – 1.300 m$^2$ + 1.1790,50 m$^2$ = 2.480,98 m$^2$, згради за дополнителни дејности - 643,73 m$^2$, фискултурна сала - 1.000 m$^2$, полигон - 30.000 m$^2$, автоплац за стари возила - 880 m$^2$. |
| **Површина на училишниот двор** | Зелена површина – 5.000 m$^2$ |
| **Училиштето работи во смени** | Од 7.30 до 13.20 и од 13.30 до 19.10 |
| **Начин на загревање на Училиштето** | Парно |
| **Број на паралелки** | 42 |
| **Број на смени** | 2 |
| **Статус на екоучилиште** | / |
| **Датум на добиен статус** | / |

**АСУЦ „БОРО ПЕТРУШЕВСКИ“** на Град Скопје е средно стручно училиште кое образува кадри од сообраќајната, машинската и електротехничка струка, по пат на редовно и вонредно образование на македонски и на албански наставен јазик.

Училиштето се наоѓа во населбата Автокоманда и е опкружено со многу претпријатија со кои е во деловна соработка.

Во негова непосредна близина се наоѓаат неколку средни и основни училишта, како и ученичките домови „Томе Стефановски - Сениќ“ и „Партенија Зографски“. Во Училиштето учат ученици од градот, од околните села и од повеќе градови од Македонија.

## 2. Вовед

*Планирањето на работата на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје, како и Годишниот извештај за работата на Училиштето, се засноваат на обврските што се содржани во Законот за средно образование, Законот за средно стручно образование, Законот за образование на возрасни, Законот за работни односи, Законот за јавни набавки, Законот за организација и работа на органите на Државната управа и сите други закони во деловите кои се однесуваат на образованието и на останатите дејности во Училиштето.*

***Целта на Годишниот извештај*** е да ги ***сумира и објективно да ги анализира ефектите од работата во Училиштето*** и да биде појдовна основа за поуспешно планирање и градење стратегии за работа во наредната учебна година.

Како појдовна основа при изготвување на Годишниот извештај се користеа следните документи:

- Годишната програма за работа на Училиштето;
- Документи за реализација на програмите на раководниот и на стручниот кадар, како и на стручните органи и тела;
- Статистички извештаи и прегледи;
- Педагошка евиденција и документација за реализација на плановите и програмите за наставата, вонnаставните активности, развојно-истражувачките проекти и други иновации;
- Други документи - прегледи, извештаи, анализи и записници;
- Самоевалуацијата и Програмата за развој на Училиштето;
- Извештајот од интегралниот инспекторски надзор и инспекторски извештаи од повеќе области;
- Програмата за реализација на воспитно-образовната работа на Град Скопје - Сектор за образование;
- Насоки и програмски документи за унапредување на воспитно-образовната дејност во стручните училишта добиени од МОН, ЦСОО, БРО и ЦОВ;
- Проекти, извештаи и насоки од градоначалникот и од Секторот за образование на Град Скопје за превенција од насилство и промоција на меѓуетничката интеграција и интеркултурни компетенции, интегрирање екосодржини во наставата и унапредување на инклузивното образование.

Напорите во Училиштето за остварување на активностите во насока на подигнување на квалитетот на наставата и оценувањето и развојот во останатите компоненти дојдоа до израз преку: изработка на професионално досие за сите наставници, портфолио и педагошки картон, изработка на протоколи и постапки за работењето во Училиштето, учество на наставниците во изработка на наставни програми за проодност за новите образовни профили и испитни програми за новиот модел на Завршен испит за средното стручно образование.

За збогатување на активностите во Училиштето, во учебната 2024/2025 година, посебно во делот на вонnаставните активности, многу придонесе Програмата на Град Скопје, која, со зголемениот број организирани манифестации и проекти, го подигна воспитно-образовното ниво на учениците и културата на младите за водење активен социјален живот, гаење на спортскиот дух и негување на националните, културните и на моралните вредности на учениците и на наставниците.

И оваа година Градот Скопје и Секторот за образование, најдоа начин да дадат придонес во насока на промоција на вредности, како што се заедништвото и сплотеноста, особено преку реализација на проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието, кој иницираше интегрирана настава, иницијатива за заеднички часови во редовната настава.

Од аспект на подигнување на квалитетот на стручното образование, од особено значење за нашиот училиштен центар беа:

- Поголем интерес на социјалните партнери за регрутација на ученици од струките во Училиштето, и отворање можности за воспоставување заедничка соработка.
- Поттикнување на важноста на програми за **претприемништв**о **и бизнис**, кои во Училиштето, покрај редовните предмети, се спроведуваат и во рамките на часовите за слободни активности.
- Воспоставување неколку проекти за вмрежување на средните училишта на ниво на општина, но и пошироко во Републиката.
- Поттикнување **инклузивно образование и промоција на мултикултурализам** преку иницијативи и проекти кои за нашето училиште претставуваат дополнителен предизвик за унапредување на квалитетот на работење.
- Развиена **соработка со повеќе европски држави** од кои црпевме искуство и интензивно се подготвуваме за наредната фаза на поквалитетно стручно образование, работно оспособени граѓани, блиска соработка со пазарот на трудот и задоволство на работодавачите.
- Фокус кон реализација на **меѓународни проекти**, поддржани од програмата„Еразмус +“, во насока на јакнење стручни компетенции на наставници по стручни предмети и ученици од машинска струка, RYCO-проекти и проектот Probleu.

Тоа што е неопходно да се потенцира на самиот почеток на овој извештај е дека досегашното функционирање на АСУЦ е пример, модел на стручно училиште кое во континуитет го одржува и развива имиџот на саморазвивање, односно развој со сопствени средства.

*Во Училиштето успешно функционираат следниве дополнителни дејности*: Техничка служба за возила, Станица за технички преглед на моторни возила, Сектор за безбедност и заштита при работа, АСУЦ Брокер АД, Работилница, Автоперална со хемиско чистење на моторни возила и Полигон за обука за возачи. И изминатата година сериозно се работеше на промоција на дополнителните дејности со цел зајакнување и унапредување на работата на истите. Ваквиот пристап даде резултати во сите дополнителни дејности и придонесе за зголемена ефикасност. Унапредувањето на дополнителните дејности е во насока на поттикнување на воспитно-образовната работа и обезбедување современи услови за работа со крајна цел квалитетно образование.

Центарот континуирано набавува нова современа опрема, секојдневно учи и се приближува кон европското образование.

Во АСУЦ има одлично водство, како и организирано тимско работење кои го следат образовниот процес и го адаптираат на потребите на пазарот на трудот.

**Гаранција за успех се само напорната работа, институционалната соработка, квалитетното и објективно проценување на можностите и менаџирање со човечкиот потенцијал.**

**Мисијата** на нашето училиште е спроведување квалитетно образование и воспитание на учениците во сите струки и занимања од страна на високостручен и континуирано

обучуван наставен кадар, во одлични материјално-технички услови за настава, и во една мултикултурна развиена средина каде фокусот на инклузивниот наставник секогаш се среќата и задоволството на учениците.

Суштината на логистичките услуги што ги дава Училиштето преку дополнителните дејности е обезбедување подобри услови за остварување на основната дејност, а тоа значи:

- задоволство на вработените од условите за работа и односот на средината кон сработеното;

- задоволство на учениците од условите за работа, постигнатите квалификации, отворање видици кон идниот професионален развој и кон животот воопшто, можност да учествуваат во проекти од секаков вид, мотивирачки програми, чувство на гордост за стекнатата диплома и за изборот на ова училиште,

- задоволство на корисниците од услугите воУчилиштето.

**Мотото** на Училиштето е *Секогаш може подобро*... што во суштина значи постојана тенденција за следење на модерните трендови и качување скалило погоре во секој сегмент на училишниот живот и работа.

**Визијата** на Училиштето, која е дефинирана како резултат на извршената анализа на состојбите и стратегијата за развој на Училиштето, гласи:

*АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје во иднина го гледаме како добро организирана, кадровски екипирана, материјално-технички и просторно опремена, мултикултурна воспитно-образовна установа, со зајакнат домашен кредибилитет, во која: квалитетно ќе се образува кадар за претпријатијата од областа на патниот сообраќај, квалитетно ќе се преквалификуваат граѓани преку програми за образование на возрасни, континуирано ќе се прошируваат обемот и видот на дополнителните дејности преку кои Училиштето и понатаму ќе создава сопствени приходи и да се одржи брендот на АСУЦ како најпознат образовен и претприемнички центар во регионот.*

## 3. Организација на работата на Училиштето

### 3.1. Материјално-техничка подготовка

АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје е одлично опремен и современ центар кој има одлични просторни услови и современа опрема за реализирање на воспитно-образовната работа, како и услуги на клиенти во дополнителните дејности. Училишниот комплекс се состои од три згради: зграда за теоретска настава, работилница за практична настава и зграда за технички преглед на моторните возила. Објектите се одржуваат и осовременуваат и континуирано се дополнуваат со опрема и со разни уреди.









Во изминатата година извршени се неколку **набавки** на техничка опрема за унапредување на работата во Центарот.

Политиката на Училиштето е насочена кон осовременување на наставниот процес со цел поквалитетна настава за постигнување подобри резултати на учениците.

Сменети се сите подови во училниците и кај дел од нив се променети електричната и комуникациската инсталација со што целосно е преуреден изгледот на училниците, исчистени се олуците на училишната зграда, променети се вратите во дел од тоалетите во Училиштето и заменети се со пе-ве-це, делумно е реновиран санитарниот јазол на тоалетите за ученици, започната е изградба на училница на отворено, варосан е дел од училишната зграда и работилницата. Добиена е донација на прочистувачи за воздух од Град Скопје, донација на телевизор за презентации од Град Скопје, донација на лаптопи од Град Скопје, со донација од Град Скопје доопремена е сензорна соба. Со одлука на Владата на РСМ преку Министерството за образование и наука и Град Скопје добиена е донација на половни автомобили – 11 возила. Добиена е донација од компаниите „Екофлуид“, „Оилтек“ и „Гринленд груп“, кои за потребите на практичната настава на учениците донираа канистер за отпадно масло, собирач за отпадно масло, работни костуми и маици. Добиен е и гранд во износ од 35.000 евра за Jean Monnet (Жан Моне)-проектот „Belong to EU“ („Припаѓа на ЕУ“), во траење од три години. Добиен е гранд од програмата „Еразмус+“ KA121-VET акредитирани проекти за мобилност на ученици и вработени во стручното образование и обука.

### 3.2. Организација на наставниот процес

**Наставата во Училиштето се изведува во две смени и по распоред кој е подготвен уште во август со цел успешно и непречено започнување на учебната година.**

### 3.2.1. Образовни профили и опфат на ученици

Во АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје се запишуваат ученици од Скопје, околните села и ученици од повеќе градови од Источна Македонија. Наставата се изведува на македонски и на албански наставен јазик. Во оваа учебна година во Училиштето се образуваа 586 ученици во 42 паралелка, од кои 25 на македонски и 17 на албански наставен јазик, и тоа за следните струки и занимања:

**Табела1: Застапеност на ученици по занимања и година на образование кои ја завршиле година**

| Профил | I | | II | | III | | IV | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | п | у | п | у | п | у | п | у | п | у |
| Сообраќајна струка/Сообраќај, транспорт и складирање | | | | | | | | | | |
| Техничар за патен сообраќај | 1 | 15 | 2 | 23 | 2 | 19 | 1 | 16 | 6 | 73 |
| Техничар за транспорт и шпедиција | 1 | 9 | 2 | 23 | 2 | 24 | 1 | 18 | 6 | 74 |
| Техничар за патен сообраќај / Техничар за транспорт и шпедиција | 1 | 12 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 19 | 2 | 31 |
| Возач на моторно возило | 1 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 8 |
| Машинска струка/Машинство | | | | | | | | | | |
| Машински техничар за моторни возила | 2 | 36 | 2 | 49 | 4 | 55 | 4 | 67 | 12 | 207 |
| Техничар за возила на алтернативен погон | 2 | 34 | 2 | 38 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 72 |
| Автомеханичар (реформиран) | 1 | 16 | 1 | 17 | 1 | 18 | 0 | 0 | 3 | 51 |
| Каросериски механичар (реформиран) | 1 | 8 | 1 | 7 | 1 | 11 | 0 | 0 | 3 | 26 |
| Монтер на мотори и моторни возила (дуална паралелка ВАНХООЛ) | 0 | 0 | 1 | 6 | 1 | 6 | 0 | 0 | 2 | 12 |
| Автоелектроничар(реформиран)/Монтер на мотори и моторни возила (дуална паралелка ВАНХООЛ) | 1 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 10 |
| Електротехничка струка/Електротехника | | | | | | | | | | |
| Автоелектроничар (реформиран) | 0 | 0 | 1 | 12 | 1 | 10 | 0 | 0 | 2 | 22 |
| Вкупно | 11 | 148 | 12 | 175 | 12 | 143 | 8 | 120 | 42 | 586 |

### 3.2.2. Наставен и раководен кадар

Учебната година почна со целосно обезбеден наставен кадар по сите предмети за наставата по македонски јазик, додека за паралелките по албански наставен јазик и оваа учебна година дел од кадарот беше со несоодветно или со неоформено образование.

**Табела 2: Наставен и раководен кадар**

| | Македонци | Албанци | Турци | Црногорци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Директор | 1 | | | | 1 |
| Помошник-директор за истражување, обука и развој | 1 | | | | 1 |
| Помошник-директор за настава | | 1 | | | 1 |
| Шеф за настава | 1 | 1 | | | 2 |
| Шеф на наставно подрачје | 3 | 2 | | | 5 |
| Стручна служба | 3 | 2 | | | 5 |
| Наставници | 40 | 34 | 1 | 0 | 75 |

**Табела 3: Наставен кадар според наставни подрачја и наставен јазик (вклучени се наставници кои дополнуваат часови во нашето училиште)**

| Име на наставно подрачје | Мак.н.ј. | Албан.н.ј. | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Културолошко-јазично подрачје | 8 | 6 | 14 |
| Хуманитарно-општествено наставно подрачје | 7 | 6 | 13 |
| Природно-математичко наставно подрачје | 8 | 7 | 15 |
| Стручно-теоретско наставно подрачје | 12 | 10 | 22 |
| Оддел за практична настава | 6 | 5 | 11 |
| | 40 | 35 | 75 |

Во Училиштетето има вкупно  80 наставници (вклучувајќи ја и Стручната служба).

**Наставниците** се **<u>организирани</u>** и функционираат по активи кои се во состав на пет наставни подрачја, а раководниот тим има поширок состав и се состои од: директор, помошник-директор за настава, помошник-директор за истражување, обука и развој, шефови за настава (теорија и практична настава), шефови за наставни подрачја, а за споредните дејности има тројца раководители.

Наставниците во наставната работа задолжително користат модерни **форми и методи** на работа, активна и интерактивна настава, интегрирана настава, ИКТ во

наставата, разни форми на оценување на учениците, како и редовно водење е-дневник, а сето тоа во функција на обезбедување висок квалитет во наставата, вклучување на учениците во наставниот процес преку истражувачка работа, вклучување на учениците во вонпаставни активности и севкупна грижа за воспитување на учениците.

За потребите на унапредувањето и за модернизирањето на наставата, како и за развојот на сопствената кариера, сите наставници се вклучени во Програмата за професионален развој и во **Училиштето има комплетирани професионални досиеја за сите наставници.** Во Училиштето има Училиштен план за професионален развој, кој е креиран врз база на индивидуалните планови за професионален развој на наставниците, кој низ изминатата година тековно се реализираше преку интерни обуки и дисеминации од надворешни провајдери.

### 3.2.2.1. Следење на работата на наставниците

Во Училиштето има воспоставено **систем за следење и оценување на квалитетот на наставната работа** преку:

- посета на наставни часови по теорија и по практична настава;
- увид во планирањето и реализирањето на наставните програми;
- следење на реализација на слободните задолжителни часови;
- следење и анализа на учеството и на постигнатите резултати на ученичките натпревари;
- извештаи за успехот, поведението и редовноста на учениците;
- извештаи за реализација на проекти и вонпаставни активности;
- извештаи од страна на шефовите за посебните наставни подрачја;
- извештаи од едукациите на наставниците.

***Раководниот тим секој месец одржува работни седници на кои се дискутираат постигнувањата во Училиштето, работата на наставниците и планираните мерки за унапредување.***

### 3.3. Реализација на Годишната програма за работа

Во Училиштето има точно поставена процедура за подготвување на Годишната програма, начинот на следење на нејзината реализација и контрола на квалитетот на сите сегменти од нејзината содржина. Тоа ни овозможи одлична реализација на планираните активности.

Така, учебната година започна со сите претходно спроведени материјално-технички, организациско-оперативни и кадровски подготовки. Навремено подготвениот распоред за настава, распоред за дежурства и склучените договори со претпријатијата и сервисите за изведување на практичната настава на учениците, овозможија максимално организиран и професионален почеток на учебната 2024/2025 година.

Исто така, навреме беа ажурирани и компјутерските податоци за сите ученици во Училиштето.

Сите наставници до почетокот на учебната година имаа подготвено годишни и тематски планирања за наставните предмети и за вонпаставните активности, според кои се одвиваше воспитно-образовната работа.

**Приоритетните подрачја и стратешките цели** од Програмата за развој на Училиштето имаа посебно нагласено место во Годишната програма и континуирано се реализираа од страна на сите субјекти и според посебни оперативни програми.

**Табела 4: Приоритети во Годишна програма за работа на Училиштето во 2024-2025 година и постигнати ефекти**

| Приоритетни прашања | Цели/активност | Постигнат ефект и реализација |
| --- | --- | --- |
| **Унапредување и осовременување на Училиштето** | **Набавување опрема за осовременување на наставата**<br>**-**Набавка на наставно-нагледни средства и техничка опрема;<br>**-** одржување и калибрација на опрема и алат во работилница и во СТП;<br>**Реконструкции и поголеми градежни зафати**<br>- Реконструкција на постоечки објекти и простории. | Успешната соработка со социјалните партнери резултираше со донација од компаниите Екофлуид, Оилтек и Гинленд груп кои за , потребите на практичната настава на учениците донираа Канистер за отпадно масло, собирач за отпадно масло, работни костуми и маици.<br>Сменети се сите подови во училиштето и кај дел од нив се променети електричната и комуникациската инсталација со што целосно е преуреден изгледот на училниците, исчистени се олуците на училишната зграда, променети се вратите во дел од тоалетите во Училиштето и заменети се со пе-ве-це, делумно е реновиран санитарниот јазол на тоалетите за ученици, започната е изградба на училница на отворено, варосан е дел од училиштаната зграда и работилницата. Добиена е донација на прочистувачи за воздух од Град Скопје, донација на телевизор за презентации од Град Скопје, донација на лаптопи од Град Скопје, со донација од Град Скопје доопремена е сензорска соба. Со одлука на Владата на РСМ преку Министерството за образование и наука и Град Скопје добиена е донација на половни автомобили – 11 возила. Добиен е и гранд во износ од 35.000 евра за Jean Monnet (Жан Моне)-проектот „Belong to EU“ („Припаѓа на ЕУ“), во траење од три години. |
| **Подобрување на квалитетот во наставата** | **Професионално усовршување на наставниците**<br>**Интерен систем за** | -Изработена Програма за професионален развој и план за обуки (спроведени);<br>-комлетирање професионални досиеја за наставници и стручни соработници; |

| | | |
|---|---|---|
| | **квалитет во наставата**<br>Програма за менторирање; контрола на квалитетот на наставата<br><br>**Евалуација на работата на наставниците** | -реализирани обуки;<br>-воспоставување основи на МЧР.<br><br>-Спроведување на Програмата за менторирање и евалуација, направени се извесни промени, но потребно е понатамошно развивање.<br><br>-План и постапка за посета на часови, анализа и фитбек за заклучоците со насоки за подобрување од транспарентен карактер.<br><br>Посетени се часови по теоретска и практична настава од страна на директорот и помошникот-директор за настава, за контрола - Извештај за квалитет.<br><br>-Систем за следење и критериуми за оценување, како на професионалниот однос, така и на квалитетот и на креативноста на работа. |
| **Поддршка и постигнување на учениците** | **Следење на напредокот на учениците**<br>**Програми за развојни постигнувања кај учениците**<br>Дополнителна и додатна настава<br>Водење класно раководство и класен час<br>Досие на ученик | -Континуиранано и транспарентно оценување, критериуми и стандарди;<br>- подготовка и спроведување програми за ненасилно однесување на учениците, Програма за помош при учење, Програма за помош и поддршка на ученици со посебни потреби, Програма за ПО; кариерен развој;<br>- унапредување на здравјето на учениците;<br>- Програма за волонтеризам – создавање искуства и вештини за работа;<br>-инклузија и меѓуетничка интеграција (шеста година се реализира интегрирана настава).<br>-Посебен модел за планирање и следење додатна и дополнителна |

| | | |
|---|---|---|
| | | настава.<br><br>-Посебен модел на планирање, следење на квалитетот и унапредување на работата на класните раководители.<br><br>-Интерен образец за евиденција на учениците во сите сегменти од страна на класните раководители и на Стручната служба. |
| **Вклучување на Училиштето во современите образовни и економски текови**<br><br>**економски текови** | **Нови образовни профили и курсеви во тренд со потребите на пазарот на трудот (во редовното и во постсредното образование - модуларна настава)**<br><br>**Унапредување, осовременување и развивање на дополнителните дејности во Училиштето:**<br><br>-Станица за технички преглед со Брокерско друштво – АСУЦ Брокер АД, шалтер на ТТК банка, шалтер на МВР;<br><br>-Автоперална во функција на услуги за клиентите во СТП;<br>-Училишната работилница организира поправки за клиентите во СТП;<br><br>-Техничка служба;<br><br>-Центар за проценка на ризик на работно место и обука за безбедност и здравје при работа;<br><br>- хемиско чистење моторни возила. | - Специјалистичко образование;<br><br>- вонредни ученици;<br><br>- изработени стандарди за занимања и квалификации, како и наставни планови и програми за новото занимање од сообраќајната струка - возач на моторно возило и за техничар за возила на алтернативен погон;<br><br>-сите дополнителни дејности – АСУЦ Брокер АД, СТП, Техничка служба, БЗР, хемиско чистење и обуки за АДР сериозно ги започнаа своите активности и придонесоа за финансиско зајакнување на Училиштето. Секоја од нив има Бизнис-план и Стратегија за зголемување на работата и на приливот на средства;<br><br>-континуитет на работа во СТП во СТП и во Автошколата.<br><br>- Од септември 2024 до јуни 2025 има вкупно 8 договори од областа на БЗР.<br><br>Во областа на безбедност и здравје при работа извршена е:<br>-обука за безбедност и здравје при работа на сите нововработени и се запознати со опасностите и штетностите на работното место и мерките кои треба да се почитуваат и преземаат;<br>-работилницата и пералната даваат континуирана поддршка на клиентите во СТП. |

### 3.3.1. Реализирани програми и стратегии за позитивна работна клима

Во Училиштето се реализираа **<u>голем број програми и стратегии</u>** кои произлегоа од анализираните состојби и потребите на Училиштето, а имаат функција на создавање платформа на позитивна клима, организациско однесување и пријатна атмосфера за работа во Училиштето и унапредување и логистиката на воспитно-образовната компонента на Центарот.

#### 3.3.1.1. Психосоцијална клима во Училиштето

АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје е повеќе од место за учење, стекнување знаења и вештини. Во него, учениците развиваат ставови, учат да комуницираат и да градат социјални врски. Климата во Училиштето, честопати, е тема на дискусија во Училишната заедница. Индивидуалните и групните средби и советувања со ученици и родители, покажуваат дека училишната клима е позитивно вреднувана.

Високата потреба на учениците за поголема меѓусебна поврзаност укажува на фактот дека, покрај учењето, многу важен дел од нивниот живот се и дружењето и потребата за припадност на групата на своите врсници, вредност која во нашето училиште многу се негува.

Таков пример е доделувањето благодарници на сите ученици кои оваа учебна година учествуваа на натпревари, настан кој се реализираше на 9.6.2025 година, во Спортската сала во Училиштето. .

#### 3.3.1.2. Инклузивно образование

Нашето училиште веќе долги години активно работи и е насочено кон креирање политики на инклузивно образование. Училиштето промовира инклузивно воспитание и образование како реформаторско начело кое ја почитува и негува различноста кај сите ученици, со посебен акцент на оние кои се соочени со поголем ризик од маргинализација и исклучување. Низ годините успеавме да изградиме **училиште за сите**, **а среќата на учениците** е еден од нашите основни приоритети.

#### 3.3.1.3. Мултикултурализам

Нашето училиште, како типично мултиетничко училиште, во континуитет ги следи насоките и ги анализира состојбата и капацитетите да промовира и да обезбеди почитување, толеранција и прифаќање меѓу учениците, припадници на различни етнички заедници. Проектот за Меѓуетничка интеграција на младите во образованието длабоко е навлезен во сите училишни активности и станува воспоставена практика на работа, соработка и живот во Училиштето. Изминатава година со иницијатива на Град Скопје, нашето училиште беше училиште за интегрирана настава или заеднички часови во редовната настава на македонски и на албански јазик, во склоп на МИМО-проектот. Заедничките часови се реализираа по следниве предмети: спорт и спортски активности, англиски јазик и практична настава. Во иднина оваа практика ќе продолжи да се спроведува во насока на зајакнување и негување на мултикултурните вредности и интеркултурните компетенции на учениците во нашето училиште.

#### 3.3.1.4. Севкупна грижа за учениците

Севкупната грижа за учениците е од приоритетно значење. Речиси во сите работни програми на вработените беа застапени и реализирани содржини кои Училиштето го правеа пријатно и безбедно место за сите ученици. Училиштето е под видеонадзор (почитувајќи ги законските одредби за заштита на лични податоци) и обезбедено од професионална агенција за обезбедување.

**За идентификување на специфичните состојби на учениците со висок степен на маргинализација и исклученост - во Училиштето веќе девет години се работи според протокол кој ги вклучува класните раководители, Стручната служба и другите наставници. Протоколот** ја пропишува формата како да се идентификуваат овие ученици, да се дијагностицираат нивните состојби и да се **креираат превентивни програми** чиј број во Училиштето е на завидно ниво, а со понатамошна тенденција за изработка на нови специјализирани програми во функција на нивна полесна адаптација и позитивен развој. За учениците со **здравствени проблеми** беа водени посебни советувања и разговори со предметните наставници и дадена е неопходната образовна и емоционална поддршка. Најчесто информациите за посебните проблеми на учениците се добиваа преку разговори со учениците, со родителите и со стручните служби во основните училишта од каде што доаѓаат.

Покрај раководителите на паралелките, Стручната служба максимално се залагаше за олеснување на проблемите и за поголема поддршка на учениците со емоционални, психофизички и социјални потешкотии, и тоа преку: индивидуални и групни советувања, вклучувања во посебни едукативно-воспитни програми, професионални влијанија во семејствата итн. За сите мерки или активности беа консултирани и информирани родителите.

Во Училиштето, во учебната 2024-2025 година, настава посетуваа 16 ученици со пречки во развојот, кои со медицинска белешка се категоризирани како ученици со пречки во развојот од соодветна медицинска установа.

1. **Мујесир Шериф Јахи I11** (ученикот има лесна попреченост во менталниот развој - едукативна запоставеност);
2. **Матеј Спасовски I1** (ученикот се соочува со дислексија);
3. **Петар Радевски I9** (ученикот има аутистичен синдром, алалија, комбинирани пречки во развојот);
4. **Антонио Христов I10/12** (ученикот има дисфазија, функционира на ниво на лесна интелектуална попреченост);
5. **Матеј Стоименов I9** (ученикот беше ученик во нашето училиште во три тримесечја);
6. **Дарјан Петровски II2** (ученикот има потешкотии со концентрација и подолго задржување на вниманието на една активност, а тоа придонесува за лоша организиција на времето за учење и потешкотии со учењето);
7. **Амар Зекир II5** (ученикот има најтешко оштетување на слухот (глувост));
8. **Марко Ѓорѓиевски II6** (ученик со анкциозно растројство и чести панични напади, страв особено од гужви и нови средини и ситуации);
9. **Петар Митрески II9** (пострауматско стресно растројство);
10. **Никола Пирковиќ II9 клас** (забавен психомототорен развој, намален интелект);
11. **Марио Димитриевски II10** (лесна интелектуална попреченост);
12. **Никита Милановски III6** (сепарациона анкциозност во детството);
13. **Лука Шкакарев III6 клас (**ученикот функционира на ниво на граничен случај интелектуално);
14. **Стефан Христовски IV1** (лице со потешка форма на телесна попреченост, церебрална парализа и епилепсија);

15. **Симона Јовановска IV2** (ученичката има задоцнет психомоторен развој и интелектуални капацитети кои се под хронолошката возраст, од каде што произлегуваат потешкотиите во едукативниот процес);

16. **Мартин Милевски IV5** (комбинирани пречки во психомоторниот развој, развојна дисфазија).

Во училиштето посетуваат настава повеќе ученици со посебни образовни потреби: потешкотии во учењето, дислексија, дисграфија, проблеми во социјална комуникација и емоционални потешкотии, но за истите родителите немаат доставено медицинска белешка.

Од добиените информации од класните раководители и од предметните наставници, бројот на ученици со посебни потреби е поголем, но за истите не е доставена документација или евиденција.

Овие ученици при подготовка на содржините добија целосна поддршка од наставниците, а Стручната служба се грижеше за нивната адаптација и за прифаќање од страна на останатите ученици. Во Училиштето се вработени дефектолози кои даваат посебен придонес за инклузија на учениците со посебни образовни потреби во наставниот процес. Во Училиштето е изградена и патека за полесно движење со инвалидска количка и стреа на влезот за ученици.

Со учениците кои се нередовни и покажуваат многу слаб успех, интензивно и континуирано се работеше во насока на намалување на осипувањето од училиште. За оваа цел беа вклучени и родителите кои претставуваат клучна алка во постигнувањето резултати кај учениците.

Воспоставена е континуирана соработка со ученичките домови во кои се сместени нашите ученици, при што честите контакти со воспитувачите беа воспоставени со крајна цел - повисок стандард и поголем успех на учениците.

За учениците кои тешко напредуваа во учењето, наставниците воспоставија менторска поддршка, а имаше ситуации кога им помагаа и во основното описменување. На овој начин, покрај основната цел - унапредување на знаењата на учениците, се постигна учениците преку заедничко учење и напредување полесно да остварат тесни меѓусебни врски.

Стручната служба има интензивен ангажман за подобрување на успехот на учениците преку посебни програми за подучување, разни методи и техники на учење, посебно за учениците кои имаат повеќе од три негативни оценки, со намера да се намали бројот на повторувачи.

Паричната помош од проектот на МТСП „Образовен додаток“ поттикна мотивација за редовност во наставата и подобрување на успехот во учењето кај сите ученици - нејзини корисници.

Посебно се води грижа при прифаќањето на учениците од други училишта, нивното распоредување по класови, помагање при адаптација, проверка на досиејата и на изготвените решенија за полагање на **диференцијалните** испити, организирање на испитите во рокот за нивно полагање.

За нашето училиште од посебно значење се **мерките за унапредување на стручното образование и** поттикнување интерес на младите кон занимања и занаети кои претставуваат основа за квалитетни работници во индустријата.

### 3.3.1.5. Ученички стандард и мотивација

Една од препознатливите карактеристики на Училиштето е водењето грижа за подобрување на ученичкиот стандард преку најразлични облици на партиципирање средства за учениците:

- плаќање осигурување за сите ученици;

- давање екстра поволни услови за обука и полагање возачки испит од Б-категорија;
- организирање хуманитарни акции за ученици кои се социјално исклучени или имаат здравствени проблеми.

Во Училиштето постојат и критериуми за доделување одреден вид помош на учениците кои покажуваат посебен интерес и резултати во учењето, а потекнуваат од семејства со тешка материјална состојба.

Во Училиштето, исто така, постојат критериуми за одредување **<u>првенец на генерација,</u>** според кои, ученикот Филип Десподов од IV1 клас е првенецот за учебната 2024/2025 година за четиригодишно образование, првенец на генерација од тригодишно образование е ученикот  Петар Тошевски од III10 клас, а првенец на генерација за ученици со посебни образовни потреби е ученикот Стефан Христовски од IV1 клас .

### 3.3.1.6. Грижа за здравјето на учениците

Грижата за здравјето на учениците е многу важен аспект кој секогаш е во фокус на работење во нашето училиште. Најголем придонес за постигнување квалитет во оваа област дадоа социологот, психологот, педагогот и дефектолозите во Училиштето, како и наставниците по историја и бизнис. Тие организираа дебати, трибини, работилници, презентации, одбележување важни датуми на важни теми. На класните часови се одржаа презентации и се дискутираше на следните теми: „Како да го чуваме менталното здравје“ - презентација и дискусија; „Грижа за здравјето на учениците“; работилница во рамки на Програмата за унапредување на менталното здравје „Справување со емоции“; работилница на тема: „Справување со лутина“; работилница на тема: „Справување со тешки ситуации“; Извештај од спроведениот анкетен прашалник за перцепцијата на менталното здравје на учениците од АСУЦ „Боро Петрушевски” на Град Скопје; насоки за превенција од насилство; работилница на тема: „Саморегулација“; анкета за кибер-безбедност; презентација „Важноста на сајбер-заштита при користење социјални медиуми“; извештај од анализата на анкетниот прашалник за сајбер-безбедност во АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје; презентација и дискусија на тема: „Безбедно и сигурно користење интернет и дигитални платформи“; Методи и техники за справување со стрес. Во рамки на Ученичката заедница беа реализирани едукации на следните теми: „Развивање на свесноста за сопствените емоции“, „Справување со емоции“, „Справување со лутина“, „Саморегулација“, „Методи и техники за справување со стрес“; „Кибер-насилство“.

Исто така, за ова подрачје многу придонесоа активностите на учениците по програмата спортски активности кои поттикнаа здрав животен став и формираа одредени спортски навики кај учениците.

Училиштето има сознанија и води грижа за сите ученици кои <u>имаат хронични заболувања или одредени хендикепи</u> и секогаш излегува во пресрет во интерес на нивната здравствена благосостојба и во оваа насока изработена е процедура за грижа на учениците кои имаат хронични заболувања.

Во соработка со Здравствениот дом од населбата Автокоманда беа <u>реализирани редовните лекарски прегледи и интервенции</u>. Се води сметка за <u>вакцинскиот статус на учениците</u>.

### 3.3.1.7. Грижа за безбедност и ненасилство меѓу учениците

Темата насилство е актуелна и особено сензитивна за училиштата. Решавањето на проблемите поврзани со насилните однесувања е деликатен процес, како и самата природа на проблемот, и вклучува многу аспекти: етички, правен, психолошки, социјален, општествен. На ова прашање нашето училиште посветува големо внимание преку низа превентивни активности. Постои протокол во кој е пропишана целокупната активност вклучувајќи безбедносни механизми, но и конкретни едукативни училишни програми со точно прецизиран акциски план. За заштитата од насилство често се дискутира и на класните и на редовните часови.

Во Училиштето веќе традиционално се реализира интерната **Програма за превенција од насилство во Училиштето**. Изработен е прирачник каде се аплицирани конкретни вежби и работилници за ученици, кои се реализираат со мешани групи ученици со цел намалување на предрасудите, стереотипите и можностите за агресивно однесување.

### 3.3.1.8. Програма „Образование за животни вештини“

Програмата **Образование за животни вештини** веќе четиринаесет години се реализира во нашето училиште по иницијатива на Бирото за развој на образованието. Програмата беше имплементирана преку Програмата за ефикасно водење класно раководство бидејќи препораките и насоките дадени од релевантните институции се однесуваа токму на реализација на работилниците предвидени со програмата ОЖВ на класните часови. Откако определена група наставници беше обучена за спроведување на работилниците и беа извршени дисеминации на сите останати класни раководители, Програмата започна со реализација. Целта на програмата ОЖВ е учениците да дојдат до нови сознанија на еден креативен и инвентивен начин, со крајна идеја оспособување за справување со предизвиците на современото живеење.

Оваа програма има цел да формира еден млад, зрел и позитивен граѓанин кој ќе знае да се справи со своите проблеми и ќе биде корисен за својата околина.

### 3.3.1.9. Професионална ориентација

Активностите за професионална ориентација на учениците се спроведуваа според посебните програмски подрачја во годишните програми на Стручната служба и дел од раководниот кадар во Училиштето. Голем дел од содржините по посебните предмети, исто така, се однесуваат на професионалната ориентација на учениците. Тоа значи дека, според наставните години, учениците се вклучени во анкети за професионална ориентација,, посети на институции, разговори, следење презентации од високообразовни институции, информации за активно барање работа, тестирања итн. Отворениот ден, кој веќе традиционално се реализира во нашето училиште, е начин да им се даде можност на учениците да добијат појасна слика каде сакаат да работат и како да се насочат во професионална смисла. На Отворениот денчениците имаат можност да бидат интервјуирани и, во многу случаи, вработени во компании кои се социјални партнери, долгогодишни соработници на нашето училиште. Беше реализирано тестирање за кариерен развој и кариерно советување на учениците од завршните години при што се користеше БИПО-инструментот за професионална ориентација. БИПО-инструментот е стандардизиран тест што се состои од три дела: Прашалник за професионални интереси, Прашалник за работни вредности и Тип индикатор тест. Тестирањето беше спроведено групно во паралелки на македонски наставен јазик и на албански наставен јазик и беа опфатени 93 ученици. Ова тестирање овозможи да се воочи потребата од кариерно водство и фокусот да се стави на континуирани активности поврзани со кариерниот развој и кариерното советување на учениците.

### 3.3.1.10. Програмата за менторирање како интерна стратегија

Интерното менторирање веќе петнаесет години по ред се спроведува во Училиштето. Со помош на менторите, веќе деветта година е воведен нов систем на евидентирање на реализациите на наставниците. Менторот формира педагошки картон за секој наставник во кој ги собира материјалите од посетите на час и од другите активности на наставникот, врз основа на доставениот извештај, ги пополнува листите за вреднување на работата на наставникот на крајот од учебната година. Во Училиштето има посебен и организиран приод кон прифаќањето, воведувањето и помагањето на новите наставници во наставните програми и нивната реализација. Менторирањето на наставник-почетник е според посебна програма, водење и контрола, извештај и предлог-мислење, кој се усвојува на Наставнички совет после подготвителниот период.

### 3.3.1.11. Стратегија за упис

Уписот на ученици во прва година е од суштинско значење за Училиштето. Согласно со претходно изготвениот план за релизирање активности за упис на ученици во прва година за учебната 2025/2026 година (состаноци на тимовите за упис; состаноци со директорот; подготовка на рекламен материјал (флаери, изработка на презентација за Училиштето, објава на социјалните мрежи, снимање видеоклипови); планирањето нвременската рамка за посетите на училиштата во градот, околината и другите градови на државата; доставени барања до градоначалниците на општините за согласност за извршување презентации во основните училишта, контакти со директорите, стручните служби од основните училишта; состанок со социјалните партнери, отворен ден за деветтоодделенците, учество во ТВ-емисии, сè со цел поголема заинтересираност на деветтоодделенците. Потребна е максимална посветеност и сериозен пристап кон оваа проблематика што резултира со добро разработената стратегија за упис.

При промоцијата на Училиштето пред деветтоодделенците: **цели паралелки без разлика на род, етничка и верска припадност** ги запознававме со образовните планови и програми, струки и профили кои се изучуваат во нашето училиште, со условите и можностите за запишување во нашето училиште, опременоста на Училиштето, учеството на меѓународни проекти и натпревари, важноста на средното стручно образование кое им обезбедува полесно вработување во иднина, дефицитарниот кадар од профилите кои се изучуваат во нашето училиште на пазарот на трудот, одлично образование на учениците со кое веднаш би можеле да се вклучат во работниот процес, можностите за демократско учење и усовршување на многу полиња во текот на воспитно-образовниот процес. При спроведувањето на промоцијата на нашето училиште беа вклучени и ученици кои веќе учат во Училиштето кои пред деветтоодделенците ги кажаа своите ставови и мислења за профилите што се изучуваат во Училиштето. Тие многу придонесоа за уписот затоа што тоа се ученици кои ги познаваат деветтооделенците бидејќи потекнуваат од исто населено место и претходно учеле во тие училишта.

Исто така, струките и профилите беа презентирани и на родителските средби пред родителите.

Посетите и прзентациите во основните училишта беа реализирани во текот на **април-мај 2025 година**. Посетени беа **вкупно 92 училишта: 66 училишта** каде наставата се изведува на **македонски наставен јазик** и **26 училишта** каде наставата се изведува на **албански наставен јазик**. Прегледот на истите е направен табеларно според време и место на реализација од страна на тимот за упис.

При промовирање на нашето училиште (струките и профилите) беше користен промотивен и информативен материјал: флаери и презентација за училиштето; учество на Денови на занаетчиство во две основни училишта оганизиран од страна на Занаетчиска комора, секојдневни кратки видеа и фотографии на социјалните мрежи, како што се:

facebook, tik tok, Instagram и сл., на коишто главни „актери“ беа нашите ученици кои изготвуваа кратки видеа преку кои го претставуваа нашето училиште. Гледаноста беше многу голема и поттикна интерес на многу ученици и родители да стапат во контакт со нашето училиште и да се распрашаат за детални информации за уписот во прва година, а некои дојдоа да го посетат училиштето.

- Веб-страницата на училиштето овозможува детален опис на сите образовни профили, потребни поени за упис по профили, како и калкулатор со кој секој ученик може да си ги пресмета своите бодови за упис.

- Во утринска емисија на Сител телевизија имаше прилог од Отворениот ден на училиштето каде интервју даде директорот Александар Стрезов.

- На 16.12.2024 година, се снимаше рекламен спот за Училиштето од нашите ученици во соработка со „Еуропа прима универзитет“ *(Коце Тапшановски).*

**Настани од јавен карактер:**

- **16.4.2025 - ОТВОРЕН ДЕН во АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје**.

На отворениот ден присутни беа нашите социјални партнери и универзитети кај кои нашите матуранти можеа да аплицираат за работа и да достават претходно изготвено CV како и да се запознаат со нивната дејност. Бевме посетени и од деветтоодделенци од повеќе училишта на македонски и на албански наставен јазик од Скопје и околината на Скопје кои беа воодушевени од училиштето и можностите кои ги нуди нашето училиште.

- **Саем на електромобили**, претставување на образовниот профил техничар за возила на алтернативен погон, презентација од страна на наставници и ученици, во Ист гејт мол (Александар Георгиевски, Александар Пупков, Бобан Митевски, Сања Тоневска, Џениса Адеми, Мерита Груби, Агим Јусуфи, Неџат Мјаку, Кујтим Дулови, Зоки Стојмиров).

- На 14 и на 16.5.2025 г. - презентација на образовните профили на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје на отворени денови на Занаетчиска комора во Општина Аеродром, во дворот на ООУ „Блаже Коневски“, и во Општина Бутел, во дворот на ООУ „Св. Климент Охридски“. Реализатори: Александар Пупков, Бобан Митевски, Маја Аевска, Коце Тапшановски и неколку ученици.

- Презентациите во основните училишта беа планирани според редослед кој однапред беше приспособен да може во еден ден да се посетат неколку училишта кои се наоѓаат на иста сообраќајна комуникација, односно во иста населба, град или село. Во текот на мај и на јуни Училиштето беше посетувано од родители со нивните деца.

### 3.3.1.12. Програма за советување на родителите

Психологот на Училиштето во текот на целата година реализираше советувања за родителите на учениците со голем број оправдани или неоправдани изостаноци и слаби оценки. Родителите се соочени со изгубен авторитет пред своите деца кои се апатични и депресивни и немаат визија за иднината. Преку разговорите, родителите добиваа континуирана советодавна работа како да комуницираат со своите деца, како да ги мотивираат кон обврските и како да развиваат пооптимистичка слика за иднина во насока на образование, идна работа, можности за задржување во државата и слично.

### 3.3.1.13. Информирање во Училиштето

**ИНФО-системот АСУЦ** информира за сите планирани и реализирани активности во Училиштето, современи теми од областа на образованиот систем кај нас и пошироко, како и други поважни информации наменети за вработените. Основната цел е вработените и учениците да бидат информирани за преземените активности во Училиштето и надвор од

него и тие да се користат за постојано надополнување на училишната веб-страница со новитети, при што и пошироката јавност ќе се запознае со новите активности во Училиштето. Училиштето има facebook и instagram профили, а актуелните училишни активности се промовираат и преку тик-ток. .

**Информативна витрина** - Постои посебна витрина за постигнувањата на учениците - пехари, дипломи, сертификати, учества, пофалници за посебни придонеси, учество во проекти и сл. со цел кај учениците да предизвика позитивна мотивација за натпреварување, позитивен развој, самодоверба и желба за успех.

### 3.3.2.Ученички заедници и организации

Организираноста на учениците во Училиштето се остваруваше преку класни заедници во чии рамки се одржуваа состаноци на кои учениците ги разгледуваа тековните училишни предизвици. Претседателите на класните заедници се членови во **Училишната заедница**.

Овие организирани форми придонесоа кон поголема грижа за училишниот имот, да ја развијат личната одговорност на учениците за избегнување намерно предизвикувани штети. Ученичката заедница овозможува соработка на учениците, наставниците, родителите на различни нивоа и заедничко одлучување за сите поважни прашања за животот и за работата на Училиштето. Активности кои се реализираа изминатата учебна година се:, анализа на успехот, поведение во класовите, предлог-мерки за подобрување, решавање проблеми, индивидуална работа со ученици со поголем број изостаноци и слаб успех, анкети, едукации, презентации и работилници на различни теми: „Развивање на свесноста за сопствените емоции“, „Справување со емоции“, „Справување со лутина“, „Саморегулација“, „Методи и техники за справување со стрес“; „Кибер-насилство“.

**Ученичкиот парламент** има задача да ги информира учениците за актуелните случувања во Училиштето. Парламентот го сочинуваат по двајца претставници од секоја паралелка од прва до четврта година. Со Парламентот раководи претседателство од тројца членови: претседател, заменик-претседател и благајник. Состаноците се одржуваат во Училиштето, ги води претседателот на Парламентот, во присуство на еден професор кој има улога на супервизор, но без право на глас и учество во донесувањето на одлуките. Учениците се состануваат со цел да дебатираат за теми важни за училишниот живот и проблемите на младите. Се состануваат еднаш во месецот и за секој проблем или ситуација во Училиштето се изјаснуват, ги соопштуваат своите ставови и предлагаат свои видувања за надминување.

Во Училиштето воспитно-образовната работа ја следеа и завршија 586 ученици од различна родова, полова, етничка, религиска и социјална припадност.

Следење и вреднување на резултатите на учениците се вршеше континуирано преку усно и писмено проверување. Уште на почетокот на учебната година се спроведоа иницијални тестови за учениците од прва година и врз основа на тоа се креираше дополнителната настава за пополнување на основните празнини во знаењата на учениците.

Стручните соработници се задолжени за следење на успехот и поведението на учениците за што постојат соодветни инструменти и вршени се анализи по класификациски периоди. Континуираното напредување на учениците се следи преку посебни евидентни листи за успехот и активностите на учениците кои ги користат речиси сите наставници во училиштето.

Стручната служба има изработено Правилник за оценување на постигнувањата на учениците и Етички кодекс за оценување.

### 3.4. Успех на учениците на крајот на учебната година

На крајот на наставната година општиот среден успех на Училиштето во целина изнесува 3.42, што е за 0,02 подобар успех во однос на минатата година во истиот период.

| Учебна година | I | II | III | IV | Општ успех |
|---|---|---|---|---|---|
| 2013/2014 | 2,87 | 2,75 | 2,86 | 2,99 | 2,93 |
| 2014/2015 | 2,78 | 2,80 | 2,78 | 2,93 | 2,82 |
| 2015/2016 | 2,66 | 2,77 | 2,84 | 2,97 | 2,79 |
| 2016/2017 | 3.01 | 2.79 | 2.94 | 3.09 | 2.94 |
| 2017/2018 | 3.00 | 3.00 | 2.94 | 3.18 | 3,02 |
| 2018/2019 | 3.31 | 3.04 | 3.18 | 3.21 | 3.19 |
| 2019/2020 | 3.26 | 3.35 | 3.24 | 3.44 | 3.31 |
| 2020/2021 | 3.33 | 3.22 | 3.58 | 3.45 | 3.37 |
| 2021/2022 | 3.17 | 3.25 | 3.55 | 3.71 | 3.37 |
| 2022/2023 | 3.30 | 3.28 | 3.60 | 3.90 | 3.45 |
| 2023/2024 | 3.27 | 3.32 | 3.45 | 3.83 | 3.40 |
| 2024/2025 | 3.31 | 3.28 | 3.57 | 3.63 | 3.42 |

Најдобар успех имаат постигнато учениците во четврта година, а најслаб учениците од втора година. Ако се изврши рангирање на паралелките според успехот, во прва година најдобар успех покажа класот I-2 – 4.55, а со најслаб успех беше класот I-11 со 2.51. Во втора година најдобар беше класот II-6 со 3.97, а најслаб II-11 со 2,45. Во трета година клас со најдобар успех беше III-5 - со 4.25. Најслаб успех во трета година има постигнато класот III-11- 2.77, што е најслаб среден успех на ниво на училиште. Во четврта година највисок среден успех постигна класот IV-1 со 4.32, а најслаб успех постигна класот IV-8 со 2.73.



Прикажаната состојба на среден успех по наставни години, споредена со претходните неколку години, укажува дека, конкретно, во однос на минатата учебна година има за нијанса подобар успех во прва и трета, додека во втора година и четврта година успехот е за послаб од оној минатата година во истиот период.

**Табела 5**. Број на одлични, многу добри, добри, доволни и ученици со слаби оценки во последните неколку учебни години на крајот на наставната година

| **Учебна година** | **Одлични** | **Мн.добри** | **Добри** | **Доволни** | **Со 1 слаба** | **Со 2 слаби** | **Со 3 слаби** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2018/2019 | **81-14%** | **107-19%** | **216-37%** | **106-18%** | **43-7%** | **22-4%** | **2-0%** |
| 2019/2020 | **102-17%** | **117-20%** | **242-41%** | **116-20%** | **1-0%** | **0-0%** | **4-1%** |
| 2020/2021 | **122-20%** | **130-22%** | **191-32%** | **98-16%** | **36-6%** | **22-4%** | **/** |
| 2021/2022 | **119-19%** | **145-23%** | **232-37%** | **89-14%** | **30-5%** | **9-1%** | **1-0%** |
| 2022/2023 | **147-24%** | **130-21%** | **218-35%** | **66-11%** | **35-6%** | **17-3%** | **/** |
| 2023/2024 | **116-19%** | **152-25%** | **231-38%** | **52-9%** | **31-5%** | **23-4%** | **2-0%** |
| 2024/2025 | **119-20%** | **143-24%** | **239-41%** | **56-10%** | **18-3%** | **9-2%** | **1-0%** |

Табеларниот приказ изразен во проценти дава јасна слика за постигнатиот успех на крајот на наставната година. Бројот на ученици кои постигнале одличен успех е поголем за 1% од минатата година. За 1% е намален бројот на ученици со многу добар успех, за 3% е зголемен бројот на ученици со добар успех, и за 1% е зголемен бројот на ученици со доволен успех. На крајот на наставната година има 1 ученик кои го повторува класот.




На поправен испит беа упатени 27 ученици, 27 помалку од минатата година, кога на поправен испит беа испратени 54 ученици.

**Табела 6.** Ученици упатени на поправен испит

| **Број на слаби** | Прва | Втора | Трета | Четврта | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Со една слаба** | 9-2% | 4-1% | 5-1% | 0-0% | 18-3% |
| **Со две слаби** | 6-1% | 1-0% | 2-0% | 0-0% | 9-2% |
| **Вкупно** | 15-3% | 5-1% | 7-1% | 0-0% | 27-5% |

Просечниот број на изостаноци по ученик на ниво на училиште изнесува 87,07 што е за 4,56 поголем од минатата година во истиот период.

**Табела 7**. Просечен број на изостаноци по ученик во наставни години

| | Прва | Втора | Трета | Четврта | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 2017/2018 | 75.01 | 88.14 | 86.32 | 97.53 | 86.09 |
| 2018/2019 | 64.58 | 83.96 | 99.43 | 81.99 | 82.21 |
| 2019/2020 | 58.58 | 66.25 | 71.77 | 96.33 | 70.07 |
| 2020/2021 | 47.16 | 52.35 | 51.91 | 54.93 | 51.19 |
| 2021/2022 | 65.85 | 84.66 | 64.37 | 85.91 | 73.09 |
| 2022/2023 | 82.96 | 81.96 | 101.98 | 73.77 | 85.03 |
| 2023/2024 | 78.08 | 85.36 | 86.05 | 80.29 | 82.51 |
| 2024/2025 | 83.02 | 89.55 | 92.57 | 81.96 | 87.07 |

Редовноста во училиштето секогаш може да биде на подобро ниво. Затоа еден од приоритетите во наредната учебна година ќе биде изнаоѓањето начини за поголема мотивација на учениците, поголема дисциплина на часовите преку поголемо почитување меѓу наставниците и учениците, поголема соработка меѓу наставниците, родителите и Стручната служба, поинтензивна додатна и дополнителна настава според можностите на учениците.

Движење на учениците – осипување

Социологот водеше евиденција за осипувањето на учениците од редовната настава. Во учебната 2024/2025 година, 98 ученици се испишале од Училиштето (за 6 помалку од минатата година). Од нив 17 самоволно ги подигнале документите и образованието го продолжиле во друго училиште, 12 ученици се испишани, 25 ученици се отстранети од Училиштето поради голем број изостаноци, 36 ученика го продолжија школувањето како вонредни во нашето училиште, што е исто како минатата година. Осум ученици се повторувачи. Четири ученици го напуштиле Училиштето поради заминување во странство. Во Училиштето има специјален приод кон учениците кои сакаат да го напуштат Училиштето со анализа на причини и мерки за задржување.

### 3.5. Извештај за Државна матура и Завршен испит

*Пилот-тестирање за Државна матура по англиски јазик*

НА 19.11.2024 година, се спроведе пилот-тестирање за Државна матура по предметот англиски јазик, со кое беа опфатени 60 ученици од четврта година (30 од паралелките од македонски наставен јазик, 30 од паралелките од албански наставен јазик). Тестирањето се спроведе поради воведувањето значајни промени во содржините од материјалот за средните стручни училишта. Тестирањето беше успешно спроведено).

*Државна матура*

Државната матура се организира на многу високо ниво од страна на секретарот за Државна матура. Во текот на годината се спроведуваат сите неопходни активности и процесот се организира во целина.

Државна матура полагаа сите ученици, а според новата концепција истите полагаа два екстерни и два интерни предмети и проектна задача.

Резултатите од Државната матура и Завршниот испит за четиригодишно и тригодишно образование се следните:

**ДРЖАВНА МАТУРА**

| **Македонски јазик и литература** | | **Албански јазик и литература** | | **Англиски јазик** | | | | **Математика** македоснки | | **Историја** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | македонски | | албански | | | | македонски | | албански | |
| присутни | положиле | присутни | положиле | присутни | положиле | присутни | положиле | присутни | положиле | присутни | положиле | присутни | положиле |
| **58** | **44** | **44** | **34** | **51** | **44** | **54** | **37** | **3** | **3** | **43** | **42** | **31** | **30** |
| **Со следен успех:** | | **Со следен успех:** | | **Со следен успех:** | | **Со следен успех:** | | **Со следен успех:** | | **Со следен успех:** | | **Со следен успех:** | |
| 2 | **21** | 2 | **21** | 2 | **11** | 2 | **9** | 2 | **0** | 2 | **7** | 2 | **7** |
| 3 | **16** | 3 | **8** | 3 | **20** | 3 | **18** | 3 | **3** | 3 | **5** | 3 | **3** |
| 4 | **7** | 4 | 5 | 4 | **12** | 4 | **5** | 4 | **0** | 4 | **15** | 4 | **9** |
| 5 | **0** | 5 | **0** | 5 | **1** | 5 | **1** | 5 | **0** | 5 | **18** | 5 | **8** |
| **Со просек:** | | **Со просек:** | | **Со просек:** | | **Со просек:** | | **Со просек:** | | **Со просек:** | | **Со просек:** | |
| **2.68** | | **2.53** | | **3.07** | | **2.62** | | **3.00** | | **4.26** | | **3.30** | |

### ЗАВРШЕН ИСПИТ – ЧЕТИРИГОДИШНО

| Македонскинаставенјазик | | | Албанскинаставенјазик | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Присутни | положиле | неположиле | присутни | положиле | неположиле |
| 66 | 66 | 0 | 58 | 56 | 2 |

### ЗАВРШЕН ИСПИТ – ТРИГОДИШНО

| **Македонски наставен јазик** | | | **Албански наставен јазик** | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Присутни** | **положиле** | **неположиле** | **присутни** | **положиле** | **неположиле** |
| 42 | 42 | 0 | 16 | 16 | 0 |

Во Училиштето се прави стратегија за олеснување на учениците за успешно совладување на испитите, особено на екстерните. Изработен е Прирачник за полагање Државна матура и Завршен испит со сите информации за учениците и Практичен прирачник за изработка на проектна задача. Исто така, по предметот мајчин јазик се изработени прирачници за подготвување на овие испити, како и материјали за подготовка на испитите по стручни предмети од машинска и од електро струка.

### 3.6. Летопис

Најзначајни училишни достигнувања

УЧЕНИЦИ И НАСТАВНИЦИ ОД АСУЦ

ВО ПОРТУГАЛИЈА



Во рамките на Еразмус + програмата за мобилност на ученици и наставници, 16 ученици и 2 наставници, во период од 17 до 30 јуни, беа во Брага, Португалија.

Учениците беа распоредени во повеќе сервиси во Брага. Покрај активностите во сервисите, тие имаа организирана посета на Порто и Лисабон.



Во период од 10.2.2025 до 21.2.2025 година, беше реализирана едукативна посета во Бурса, Турција. Наставници од АСУЦ беа во посета на средното стручно училиште “Otomotiv Mesleki ve Teknik Anadolu Lisesi”. Целта на посетата беше унапредување на практичните знаења од областа на

на наставници во Бурса

МЕЃУНАРОДЕН НАТПРЕВАР „АВТОМЕХАНИЧАР-ЈУНИОР“




Ученици од АСУЦ „Боро Петрушевски“ учествуваа на меѓународниот натпревар „Европски автомеханичар јуниор 2025“, кој се одржа од 28 до 30 мај во Вилниус, Литванија.



АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје ја продолжува соработката со училиштето „Bursa Otomotiv Endüstrisi İhracatçıları Birliği Mesleki ve Teknik Anadolu Lisesi“, од Бурса, Турција. В.д. директорот на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје, Александар Стрезов, помошникот-директор за обука, истражување и развој, Кристијан Петрески, беа во работна посета на Училиштето од Бурса и се договорија за идни заеднички проекти и за продлабочување на соработката.

## 4. Реализација на наставата

Наставата во Училиштето се одвиваше според програмите подготвени од ЦСОО и одобрени од МОН и се целосно реализирани. На почетокот на годината со наставните планови и програми (посебно со новините и измените) беа запознати и родителите.

Реализацијата на наставната програма „Учење преку работа“, за учениците со четиригодишно образование, продолжи да се реализира кај работодавачи во реални услови со што учениците стекнуваат знаења и вештини кои се конкурентни на пазарот на трудот. Овие активности беа реализирани од неколку наставници по стручни предмети кои воспоставија поинтензивни партнерски односи со сервисите и со социјалното партнерство, но сè уште се работи во насока на подобрување на квалитетот на соработката меѓу Училиштето и социјалните партнери.

Феријалната практика, како начин за реализирање настава, оваа учебна година беше планирана и спроведена во голем број претпријатија во локалната средина кои ги интегрираа своите искуства во реализацијата на практичната настава.

*Изборните предмети*, како и претходните години, учениците ги избраа по пат на анкета и по слободен избор.

Наставните планови предвидуваат одреден фонд часови наменет за часови за слободни активности. За таа цел заинтересираните наставници доставија програми за работа кои беа елаборирани и одобрени од Наставничкиот совет. Тие им беа понудени на учениците кои имаа слобода за избор. За програмите кои се реализираа во Училиштето побарано е мислење и верификација од ЦСОО и МОН. Програмите од областа „Светско наследство во рацете на младите“, „Претприемништво и бизнис“, „Планирање кариера“, „Подготовка за вработување и работа“, „Еколошки одржливи и иновативни технологии“, „Еколошки концепти во сообраќајот“ се одобрени од Центарот за средно стручно образование и обука и минатата учебна година се реализираа во нашето училиште.

### Додатна настава

Во Училиштето се реализира додатна настава во функција на подготвување на учениците кои имаат потреба за поголеми знаења и повисоки постигнувања. Најактуелна е подготовката на учениците за полагање Државна матура. Групите се формираат уште во прва година и сè до четврта година имаат редовни часови со наставниците, со цел успешно полагање на матурскиот испит, но и унапредување на знаењата неопходни за упис на техничките факултети.

### Дополнителна настава

Во Училиштето функционира систематичен модел за организирање, спроведување и контрола на дополнителната настава. Одговорниот наставник, подготви програма, врши упатување, проверка и подготвува извештаи за реализираноста на дополнителните часови и за нивната ефикасност. Од извештаите е евидентно дека сите наставници даваат распоред на часови, имаат приспособени програми и редовно ги изведуваат и ги евидентираат овие часови Овој вид настава е насочен кон подобрување на знаењата на учениците и обезбедување поквалитетна професионална ориентација. Распоредот за додатна и дополнителна настава навреме беше истакнат на видно место во Училиштето.

## **Класен час и класно раководство**

Својата воспитна улога Училиштето ја остварува преку наставата, улогата на раководителот на паралелката и активностите на Стручната служба.

**Стратегијата за ефикасно водење класно раководство** претставува училишна политика за зајакнување на улогата на класните раководители.

Програмите за **класен час** содржат посебна воспитно-културна содржина за: развивање еколошка свест, психосоцијален развој, однесување, бонтон, формирање посебен стил и имиџ, комуницирање, култура за музика, филм, театар, култура на изразување, поттикнување самодоверба, животни вештини, почитување и прифаќање различни етнички припадници, со особен фокус на ефектите од отсуство на социјални контакти меѓу луѓето итн. Оваа програма, покрај раководителот на паралелката, ги вклучува и стручните соработници во Училиштето.

## **Примена на ИКТ во наставата**

Менторските извештаи, оваа година, резултираа со релативно позитивни ставови околу користење ИКТ во наставата од страна на наставниците. Генерално, наставниците сѐ почесто користат ИКТ во наставата и од година во година тоа го прават на повисоко ниво. Околу 30-40% од часовите наставниците ги реализираат користејќи ИКТ во наставата. Има наставници кои речиси сите часови ги реализираат со користење на компјутерската технологија, а најуспешните часови се реализираат како отворени часови пред колеги од активот.

## 5. Воннаставни активности реализирани во учебната година

Интересот на учениците за дружење и стекнување знаења преку вонnаставни активности е значително атрактивен во Училиштето. Се разбира, сето тоа зависи од умешноста и креативноста на наставниците да ги поттикнат нивниот интерес и желба за вклучување. Во Училиштето има разни форми на вонnаставни активности.

### 5.1. Секции и клубови





- ***Електромашинска секција*** чија цел е поттикнување на учениците за поголеми стручни знаења од оваа област. Активности: посебни вежби од автоелектроника, мерење карактеристики на акумулатор - испитување карактеристики на една акумулаторска ќелија и можни причини на дефекти со наставниците, изработка на насочувач-поврзување на електрична шема на насочувач при што учениците ќе видат како се врши трансформација од наизменична во еднонасочна струја, како и облик на сигналите, изработка на пресек на стартер, испитување систем на палење со кој може да се снимаат карактеристиките на нисконапонските и високонапонските кабли *(К. Петрески и М. Цветковски)*.
- ***Сообраќајна секција*** чија цел е поттикнување на сообраќајната култура на учениците и стекнување знаења за безбедност во сообраќајот.
- ***Информатичкиот клуб* ја** поттикнува креативноста кај талентираните ученици и ги унапредува нивните знаења од областа.
- ***Секцијата по практична настава*** оваа година покажа сериозна иницијатива за активно спроведување на планираните активности, а од креираното истражувачко катче произлегоа определени активности: избор на талентирани ученици кои покажуваат посебни афинитети кон моторите и современите возила.
- ***Клубот на Црвен крст*** има цел да развива чувство за хуманост, солидарност и толеранција. Во рамките на Клубот беа реализирани повеќе активности:
  - Освоено трето место на општински натпревар по Прва помош, на 16.4.2025 година, во организација на Црвен крст од Гази Баба;
  - На 10.4.2025 година, се спроведе Крводарителска акција во соработка со Црвениот крст на Гази Баба *(Маја Аевска Иванова).*
- ***Клубот за ораторство*** постои за промоција на јавното говорење и јакнење на самодовербата на учениците во таа насока. Оваа година Ораторската вечер се реализираше на 24.4.2025 година.
- ***Ученички парламент*** - во рамките на Училиштето, функционира Ученичкиот парламент кој работи според однапред предвидена програма со ученици од паралелки на македонски и на албански наставен јазик.

## 5.2. Ученички натпревари и постигнувања

Натпреварите, како идеална форма на дружење и покажување на знаењата и на вештините на учениците, заземаат значајно место во училишните активности и на нив се учествува според посебни критериуми. За струките во Училиштето, се разбира, најзначајни се натпреварите по стручните предмети.

*Меѓународни натпревари*

1. Учество на **Меѓународен натпревар Автомеханичар-јуниор**, кој се одржа од 28 до 30 мај 2025 година, во Вилниус, Литванија. Учениците *Бурхан Сејфула* и *Џихат Хасани* од трета година, заедно со своите ментори *Александар Георгиевски, Мимоза Гичевска и Александар Петковски*, успешно ги претставија училиштето и Македонија во силна конкуренција со учесници од 9 европски земји. Следниот натпревар ќе се одржи во Егенбург, Австрија, во 2026 година. Освен натпреварувањето, учесниците имаа можност да ги запознаат културата и убавините на Вилнус, Литванија.

2. Учество на Меѓународниот натпревар по математика **„Кенгур без граници“,** кој се одржа на 27 март 2025 година, а на кој учествуваа вкупно 10 ученици. Сите ученици се здобија со награди, и тоа:

Прва награда освоија учениците:

*Надица Боболкова – I 2 клас; Ива Митовска - III 2 клас; Филип Десподов - IV 1 клас; Бане Мутовиќ - IV 1 клас; Матеј Радевски - IV 1 клас.* Втора награда освоија учениците*: Дамјан Гунов - I 2 клас; Амина Машовиќ - I 2 клас; Ивана Стевановска - I 2 клас; Кристина Крајчева - III 2 клас; Божидар Марковски - IV 1 клас. (ментор: Анета Пашоска).*

3. Учество на **натпревар за најубаво украсен велосипед** за да се подигне свеста за користење одржлив транспорт на холандски начин во организација на Гоу грин Скопје и Амбасадата на Кралството Холандија по повод националниот празник на Холандија – Денот на кралот, на 25.4.2025 година, во Ист Гејт, со ученици од клас 101**:** *Павел Георгиевски, Михаела Михајловска, Анѓела Филиповиќ и Шерифа Мурат (Маја Аевска Иванова).*

4. Учество на **ликовен конкурс** организиран од Турската амбасада „TURKISH AIRLINES“ со ученици од прва година (*Маријана Марионцу Симовска)*.

*Регионални натпревари*

1. Учество на **Регионалните натпревари на ЗЕМСУ,** кои оваа година се одржаа на 25.3.2025 год., во СУГС „Владо Тасевски“. На натпреварите учествуваа вкупно седум ученици од четири образовни профили од машинска и од сообраќајна струка. Сите ученици покажаа одлични резултати и се стекнаа со право на учество на државните натпревари. Постигнатите резултати поединечно се следни:

Машинска струка:

Образовен профил: Машински техничар за моторни возила:

*I место –* Немања Станковиќ *од 306 клас (ментори: Александар Георгиевски, Мироскава Цветовски),*

*III место –* Абдула Сулејмани *од 307 клас (ментори: Неџат Мјаки, Суад Џемаили);*

Сообраќајна струка

Образовен профил: Техничар за транспорт и шпедиција:

*II место – Кристина Крајчева од 302 клас (ментори: Зоки Стојмиров, Снежана Божиноска-Ристеска),*

*IV место –* Ергин Алију *од 304 клас (ментори: Неаљ Абдуљи, Џениса Адеми);*

Образовен профил: Техничар за патен сообраќај

*директно учество на државен натпревар - Ѓорѓи Димовски од 301 клас (ментори: Снежана Божиноска-Ристеска, Александар Пупков),*

*директно учество на државен натпревар – Сабир Куртиши од 303 клас (ментори: Неаљ Абдуљи, Џениса Адеми).*

<u>Машинска струка- Автомеханичар реформиран</u>

*II место -* Марко Бранковски *од 309 клас (ментор: Азем Сејфула).*

*Државни натпревари*

1. Учество на **42 Државни натпревари на ЗЕМСУ,** кои се одржаа на 8 и 9.5.2025 год., во СЕТУ на ГС „Михајло Пупин“. Резултати од државните натпревари:

<u>Машинска струка</u>:

Образовен профил: Машински техничар за моторни возила

*II место –* Немања Станковиќ *од 306 клас (ментори: Александар Георгиевски, Мирослав Цветовски),*

*IV место –* Абдула Сулејмани *од 307 клас (ментори: Нецат Мјаки, Суад Џемаили);*

<u>Сообраќајна струка</u>

Образовен профил: Техничар за транспорт и шпедиција

*VIII место – Кристина Крајчева од 302 клас (ментори: Зоки Стојмиров, Снежана Божиноска-Ристеска),*

*V место –* Ергин Алију *од 304 клас (ментори: Неаљ Абдуљи, Џениса Адеми);*

Образовен профил: Техничар за патен сообраќај

*II место - Ѓорѓи Димовски од 301 клас (ментори: Снежана Божиноска-Ристеска, Александар Пупков),*

<u>Машинска струка:</u>

Образовен профил: Автомеханичар реформиран

*III место - Марко Бранковски од 309 клас (ментор: Азем Сејфула).*

*Градски и општински натпревари*

1. Учество на **општински онлајн-натпревар по историја**, на 14.3.2025 година, доставен есеј на тема од националната историја, ученичка *Симона Пендевска 202 клас (ментор: Виолета Кралевска).*

2. Освоено трето место на **општински натпревар по Прва помош**, на 16.4.2025 година, со учениците: *Ивана Стевановска, Александар Димитровски, Ива Митова, Теа Мишова, Нена Спасовска и Кристина Крајчева* во организација на ООЦК Гази Баба.

*Училишни натпревари*

1. Во АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје, на 24.4.2025 година, се одржа **Тринаесеттата ораторска вечер**, која е обележје на АСУЦ. На Тринаесеттиот натпревар по јавно говорење, пред голем број присутни, ораторите ги изнесоа сопствени ставови за општествените, политичките и културните збиднувања. Тие пренесоа јасни пораки за тоа какво сакаат да биде нивното секојдневие и за тоа во каков свет сакаат да живеат. Наградени беа учениците: Марија Колева II2 клас (освоено прво место); Марио Јовановски

I9 клас (освоено второ место), Ива Митовска III2 клас (освоено трето место) *(координатор: Ленче Томова; соработници: Силвија Митревска-Филипова, Буњамин Османи).*

2. Организирани се училишни натпревари помеѓу учениците од III година од машинска и сообраќајна струка на македонски и на албански наставен јазик и избрани се ученици за Регионален натпревар од машинска и од сообраќајна струка.

**5.3. Трибини и презентации:**

Омилена форма за учење на учениците преку воннаставни активности се големиот број презентации и трибини кои ги подготвуваат самостојно водени од професорот. Во изминатата година беа реализирани повеќе презентации и трибини:

- **Презентација** за **даночна едукација,** за матуранти спроведена од УЈП (25.11.2024) *(Халиме Демир-Хоруни и Кастриот Касапи).*
- **Презентација „Како да го чуваме менталното здравје“ (***Соња Рис*товска)*;*
- **Презентација „Перцепција на менталното здравје“ (***Соња Рис*товска)**;**
- **Презентација „НЕ за насилството“** (*Виолета Кралевска);*
- На 2.12.2024 година, беше спроведена **презентација** и имаше **дискусија** на тема: **„Ментално, емоционално и сексуално здравје на младите на 15 години во Македонија“**. Презентацијата беше спроведена од ученици од втора и од трета година од нашето училиште. На презантацијата учествуваа ученици од училиштето, наставници, родители и тимот на студијата ХБСЦ, одобрени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието *(Маја Аевска Иванова);*
- **Презентација за заштита од интернет** *(Соња Ристовска);*
- **Презентација за сајбер-насилство** (*Соња Ристовска);*
- **Презентација за кариерно советување**, спроведена од Младински совет на РСМ, за ученици од четврта година (*Халиме Демир Хоруни)*;
- **Презентација „Безбедно и сигурно користење на интернет и дигитални платформи“** *(Јонуз Сопа);*
- На 13.5.2025 година, беше одржана **презентација за Европас/evrogajdens национална агенција/ЕП додаток на сертификат/ЕП додаток на диплома**. Презентацијата беше наменета за ученици од втора и од четврта година. Се презентираа Европас-платформата, креирање Европас-профил и генерирање кратка биографија и мотивациско писмо. По завршувањето на презентацијата, на учениците им беше објаснет и документот Европас - додаток на сертификат кој сите средни училишта треба да го издаваат за своите ученици. Исто така, на учениците им беше објаснета Евродеск-мрежата и Европскиот младински портал и какви сè други можности и придобивки можат учениците да искористат преку мрежите со кои раководи Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. На презентацијата учествуваа 25 ученици од втора и од четврта година. Презентацијата ја реализираа претставници од Националната агенција. *(Ленче Томова).*
- **Трибина: „Заштита на охридската пастрмка и белвица во Охридското Езеро“**

  На 26.12.2024 г., во Музејот на македонската борба, во рамките на проектот ProBleu, АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје, организираше трибина на тема: „Заштита на охридската пастрмка и белвица во Охридското Езеро“. На трибината учествуваа претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кои дадоа особена тежина и суштина на трибината. Трибината беше медиумски покриена од националната македонска телевизија. Целта на трибината беше подигнување на јавната свест за значењето на заштитата на Охридското Езеро, со акцент на неговиот уникатен биодиверзитет и специфичните предизвици поврзани со зачувувањето на охридската

пастрмка и белвица – ендемски видови од исклучително значење за екосистемот на езерото. На трибината присуствуваа околу 150 гости, меѓу кои: претставници од државни институции (Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Одделение за рибарство), научни организации (Хидробиолошки завод од Охрид), невладини организации (Граѓанско здружение SOS), други локални организации, образовни установи (ученици и наставници од основни и од средни училишта), медиуми, граѓани, родители и заинтересирани поединци од јавноста.

Трибината беше успешна и во поглед на посетеноста и во поглед на гостите во создавањето на платформа за дискусија и размена на идеи за заштита на Охридското Езеро. Ова претставува значаен чекор кон градење одржлив модел за зачувување на природното наследство. *(Катерина Јакимовска).*

- Културно-образовен настан „Книгите градат пријателства“, како дел од иницијативата „Соработка за заедничка иднина“, одржан на 13.2.2025 година. На настанот во организација на Младинскиот сојуз, присуствуваа шест ученици од прва година. Идејата на овој настан е да се поврзат и доближат културите на Грција и Северна Македонија преку промоција на литературните теми, отворајќи можности за поврзување на младите преку заемно разбирање и пријателство. (*Катерина Јакимовска*).

- Учество на настан за поттикнување бизнис и претприемничко размислување кај младите, во организација на „Младите можат“, на 28.2.2025 година, со петученички од трета година. Програмата за младинско лидерство е под целосно покровителство на Global Learning Lab Western Balkan и Global Learning Lab International. Целта на програмата е да ги опреми младите со вештини, знаења и искуства за младински активизам и промовирање култура на општествена одговорност. (*Катерина Јакимовска*).

### 5.4. Работилници и едукативни предавања:

- Во АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје беше реализирана **работилница** на тема **„Менторство“**, во рамки на проектот „Еднакви можности за девојчиња и млади жени во Северна Македонија“, спроведуван од Мрежа Стела, заедно со Националниот младински совет на Македонија и финансиски поддржан од Британската амбасада во Скопје. Менторството во рамките на женската Мрежа Стела претставува споделување насоки и совети од девојки и жени за девојки и жени со цел остварување на нивните животни и професионални цели и аспирации. *(Ленче Томова).*

- Во период од 1 до 3 октомври 2024 година, успешно беше реализирана втората **работилница за стандарди и квалификации за кариерни советници**. Еврогајденс центарот при Националната агенција за европски образовни програми и мобилност ја одржа втората работилница за стандарди и квалификации за кариерни советници. Покрај тимот на Еврогајденс, присуствуваа и меѓународните експерти: д-р Џенифер Мекензи од Ирска и Флоријан Кадлеж од Австрија, претставници од различни институции и организации, меѓу кои и претставници од Министерството за образование и наука и од Агенцијата за вработување. Заеднички во текот на три дена се посветивме на дефинирање на стандардите и квалификациите за професијата кариерен советник – нова и значајна професија. *(Ленче Томова).*

- На 7.10.2024 год., беше реализирана **работилница** на тема: **„Емпатија и сочувствување“** *(Сунчица Белинска-Андов и Теута Даци).*

- На 29.10.2024 година, беа реализирани две **работилници** на тема: **„Справување со емоции“**, на кои присуствуваа 22 ученици *(Сунчица Белинска-Андов).*

- На 4.11.2024 год., беше реализирана **работилница** на тема: **„Справување со емоции“** *(Сунчица Белинска-Андов и Теута Даци).*

- На 15.11.2024 год., беа реализирани **работилници** на теми: **„Справување со лутина“** и **„Справување со тешки искуства“** *(Сунчица Белинска-Андов и Теута Даци)*

- На 25.12.2024, во рамки на Ученичка заедница беше реализирана **работилница** на тема: **„Саморегулација“** и **„Саморегулација и поврзување“** *(Сунчица Белинска-Андов и Теута Даци).*

- Работилница на тема: „Власта во функција на граѓаните“, на 10.3.2025, со класот 101; на 11.3.2025, со класот 105; на 13.3.2025, со класот 106; на 21.3.2025, со класот 102 (Маја Аевска Иванова).

- Работилница на тема: „Кибер-насилство“, во рамки на Училишната заедница (Сунчица Белинска-Андов и Теута Даци).

- На 25.10.2024, водење работилница за вмрежување координатори за учење преку работа. Присуство на 120 координатори од цела Македонија, во „Александар Палас“, Скопје (Соња Ристовска).

- Реализирани работилници за верификација на инструментите за подобрување на квалитетот на работата на координаторите за учење преку работа (Соња Ристовска).

- По предлог на МОН и ЦСОО се спроведоа работни активности за јакнење на капацитетите на координаторите за учење преку работа, на 22 и 23.5.2025, модерирање јавен настан за обезбедување квалитет во работата на КУПР и водење работилница за претставници на МОН, Стопанска комора, Занаетчиска комора, ЦСОО и ССУ. Поточно работилницата беше фокусирана на излезни резултати - подобрување на инструментите за работа на КУПР (Соња Ристовска).

- Учество на работилница за вмрежување помеѓу училишта, научни и јавни институции и организации за соработка за практичното образование за животна средина и климатски промени за ученици од средно стручно образование (Александар Пупков , Мерита Груби).

- Работилница за решавање технички проблеми преку тимска работа (Неџат Мјаки).

- Учество на работилница за екологија со ученици од трета и од четврта година, во Општина Аеродром (Снежана Божиноска-Ристеска).

- Работилница на тема „Кариерно советување“ во рамки на проектот „Еднакви можности за девојчиња и млади жени во Северна Македонија“; спроведуван од Мрежа Стела, заедно со Националниот младински совет на Македонија и финансиски поддржан од Британската амбасада во Скопје, реализирана во АСУЦ „Боро Петршевски“ на Град Скопје, на 14.3.2025 година (Ленче Томова).

- На 6.6.2025 година, одржана е работилница на тема „Професионален развој и кариерно советување на учениците (кариерен циклус)“. На работилницата беа присутни 43 ученици од прва, втора и трета година. Работилница беше организирана од страна на „Младите можат“ (Ленче Томова).

- Работилница на тема: „Споредба на американски и британски англиски“ ("Comparison of American and British English"), со ученици од прва година (Вјоса Војка-Зекири).

- Учениците од АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје и учениците од СУГС „Панче Арсовски“ учествуваа во заедничка работилница на тема: „Вистинскиот мир доаѓа од срцето“, во одбележување на 21 Септември - Меѓународниот ден на мирот (Катерина Јакимовска);

- На 20.11.2024 година, во соработка со Здружението на родители на деца и млади со церебрална парализа „Златни ангели“ - Скопје со поддршка на Град Скопје во просториите на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје се одржа инклузивна работилница во која учествуваа деца и млади од Здружението и наши ученици. Учесниците изработуваа декупажи, ткаеја на разбој, а, исто така, во дворот на училиштето заеднички засадија и есенски цвеќиња. (Коце Тапшановски, в.д. директор Александар Стрезов, Силвија Митревска-Филипова).

- **Работилница „Заштита на Охридското Езеро“**

На 24.12.2024, во Природно-научниот музеј во Скопје, беше одржана едукативна работилница во рамките на проектот ProBlue. Работилницата беше организирана со цел да се подигне свеста за заштита на ендемичните видови, како и да се поттикне едукативен дијалог за важноста на Охридското Езеро како уникатен екосистем. Работилницата се состоеше од три дела:

1. Теоретски дел:

Презентација за биодиверзитетот на Охридското Езеро, со посебен осврт на неговите ендемични видови. Посебно беа истакнати: охридската пастрмка и белвицата.

2. Практичен дел:

Учесниците беа поделени во групи и работеа на анализа на заканите за ендемичните видови, вклучувајќи прекумерно риболовство и загадување, и на предлози за мерки за заштита, како регулирање на риболовот и еколошка едукација.

3. Интерактивни дискусии:

Се водеше отворена дискусија за тоа како младите можат да придонесат за зачувување на овие видови. *(Катерина Јакимовска).*

- **Работилница „Ти си на ред да читаш“** *(Катерина Јакимовска).*

- **Панел-дискусија за електробуси**, на Машинскиот факултет, со група ученици и одговорни наставници (*Зоки Стојмиров и Анета Пашовска*), гости од фабриката ИКАРУС - Будимпешта. *(Зоки Стојмиров).*

- Организирана **панел-дискусија** на Машинскиот факултет, посета и средба на директорот на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје со претставници на фабриката за производство на електрични автобуси „ИКАРУС“ од Будимпешта и деканот на Машинскиот факултет од Скопје. *(Зоки Стојмиров).*

- **Панел-дискусија „Зошто граѓанската наука во образованието“,** проектот е подржан од Хаб што ЕКО ЛОГИК го спроведува со поддршка на U.S. Embassy North Macedonia, на 27.9.2024 година. На панел-дискусијата, која се одржа во Клубот на новинари, на 27.9.2024 година, учествуваа 5 средни училишта од Скопје *(Маја Аевска Иванова).*

- Реконструкција на макетата на полигонот - поставена пред наставничката канцеларија *(Александар Пупков)*

- Гледање документарен филм на англиски јазик “A Brief History of the Internet, Part 1”/ „Кратка историја на Интернетот, дел 1“ со ученици од втора година. „Кратка историја на Интернетот“, филм познат како „Славата на гиковите“ е документарец на американската телевизија PBS, од 1998 година, кој го истражува развојот на Арпанетот, Интернетот и светската мрежа од 1969 до 1998 година. Документарниот филм бил презентиран од Роберт Икс, еден од писателите на овој документарен филм *(Хаки Фејзулаи).*

- На 12.2.2025 година, *Јован Јоновски* и неколку ученици присуствуваа во Клуб Матица на промоција на преводи на грчки книги на македонски јазик и обратно.

### 5.5. Истражувања во Училиштето

АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје има традиција на градење позитивна клима и препознатлив имиџ на континуиран напредок на организациската култура. Богат придонес кон тоа дадоа серија спроведени истражувања, како што се:

1. Компаративна анализа на успехот, поведението и редовноста за учениците во првото тримесечје, првото полугодие и третото тримесечје во однос на претходните учебни години во истиот период. Анализите беа презентирани на Наставнички совет, Совет на родители, доставени на шефовите по наставни подрачја и поставени на увид на сите предметни наставници, на состаноците на Училишната заедница *(Сунчица Белинска-Андов).*

2. Статистика за 2023-2024 година и статистика за 2024-2025 година (Годишен извештај за средни училишта за потребите на Државен завод за статистика) *(Сунчица Белинска-Андов).*

*3.* Изработен инструмент за прибирање статистички податоци и нивна обработка за класовите од почеток на учебната година *(Сунчица Белинска-Андов).*

*4.* Анализа на евиденција на редовноста на наставниците, следење на односот кон дежурствата и запишувањето отсутни ученици *(Управата).*

5. Спроведен е анкетен прашалник за кариерен развој и кариерно советување на учениците од завршните години при што се користеше БИПО-инструментот за професионална ориентација. Тестирањето беше спроведено групно во паралелки на македонски наставен јазик и на албански наставен јазик *(Ленче Томова).*

*6.* Анкета за ставовите на учениците во однос на припадниците на другите етнички групи (*Еврим Агиќ*).

*7.* Спроведено истражување врз примерок од 60 ученици за состојбите во Училиштето (*Теута Даци и Сунчица Белинска-Андов)*

*8.* Согласно со препораките и насоките за безбедно користење дигитални платформи од страна на учениците од Министерство за дигитална трансформација до Министерство за образование и наука, подготвен материјал-линк од прирачник и видеоматеријал за класен час за класни раководители и предметни наставници. Направени истражување на репрезентативен примерок од 60 ученици за мапирање на состојбите кај учениците во однос на тоа колку ги користат социјалните мрежи (*Сунчица Белинска-Андов и Теута Даци).*

9. Групна и индивидуална советодавна работа со учениците на тема: „Превенција од кибер-насилство“ *(Сунчица Белинска-Андов).*

*10.* Подготовка на табели со статистики податоци за потребите на МОН и Град Скопје (*Сунчица Белинска-Андов).*

*11.* Пополнет прашалик наменет за наставници, стручни соработници од страна на канцеларијата на УНИЦЕФ во Република Северна Македонија во партнерство со Министерството за образование и наука - сите наставници.

*12.* Организирање тестирање за интелигенција на ученици од четврта година (*Соња Ристовска).*

*13. Спроведен анкетен прашалник за перцепцијата на менталното здравје на учениците од АСУЦ „Боро Петрушевски” на Град Скопје.*

### 5.6. Проекти

Во Училиштето сите проекти се реализираат успешно и имаат тенденција да се одржат како активности од кои сите субјекти во училиштето имаат придобивки. Голем дел од проектите се иницирани од други национални или интернационални институции, но има и проекти кои Училиштето ги поттикнува и развива во училишни политики, а секогаш произлегуваат од училишните потреби.

*А) Проекти во кои е вклучено Училиштето*

1. Активности предвидени со проектот „**Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“ –** со иницијатива на Град Скопје и поддршка на МОН, МЦГО, ОБСЕ, ЦССО.

Се реализираат заеднички часови или интегрирана настава во 6 класа по три предмети, и тоа: англиски јазик (Елеонора Беќири, во првото полугодие, Стела Костовска, во второто полугодие, и Војка Вјоса), спорт и спортски активности (Артан Зекири и Крсте Војнески) и практична настава (Александар Петковски и Бедри Муслиу). *(Сунчица Белинска-Андов).*

2. **Проект „Ментално здравје на учениците“ –** пилот-програма за ментално здравје на средношколците (програма за воннаставни содржини кои ќе се спроведуваат со средношколците во текот на целата учебна година).

- Обука на тема: „Ментално здравје“, одржана во Струмица, од 13 до 15 февруари 2025 година, спроведна во согласност со обновениот Меморандум за соработка меѓу Детската амбасада „Меѓаши“ и Министерството за образование и наука (Катерина Јакимовска).
- Работилница во рамки на програмата за Унапредување на менталното здравје, на тема: „Справување со емоции“ пред Ученичката заедница *(Сунчица Белинска-Андов и Теута Даци)*
- На 9.10.2024 година, присуство на информативна онлајн-сесија од Центарот за психо-социјална и кризна акција - Малинска и Фондот за население на Обединетите нации – УНФПА, активности за дисеминација на наодите од Меѓународната студија (ХБСЦ) за однесувањата поврзани со здравјето на децата на училишна возраст (11-15 години), на теми од менталното и сексуалното здравје *(Сунчица Белинска-Андов).*
- 20.11.2024 онлајн-состанок со тимот на ХБСЦ „Младите можат“ и учениците од Ученичка заедница што треба да ја спроведат презантацијата во училиштето на тема: „Ментално, емоционално и сексуално здравје на младите на 15 години во Македонија *(Маја Аевска Иванова).*
- Подготвена анкета за Ментално здавје и дистрибуирана до сите ученици *(Соња Ристовска).*
- Анализа на анкетата за Ментално здравје и презентирање на резултатите на состанок со Ученичката заедница, на 28.11.2024 година (Соња Ристовска).Од програмата Заштита на менталното здравје реализирани се голем број активности: „Крајот на насилството почнува од тебе“; „Справување со конфликти“; Кибер-безбедност – онлајн-анкета, анализа на резултатите од анкетата, презентирање на резултатите од анкетата, презентација за кибер- безбедност; „Епатија, самопроценка и план за развој на емпатичност“ (*Соња Ристовска*).

*3.* **Проект за мултикултурализам, меѓуетничка интеграција и толеранција** *(координатор: Нада Трајкова)*

- На 24.2.2025 година, во рамки на Проектот за мултикултурализам, меѓуетничка интеграција и толеранција „Младите и денешницата - стереотипи и предрасуди“, поддржан од МОН, учениците одржаа дебатен клуб насловен „Младите денес“. Целта на оваа активност беше преку меѓусебно дебатирање да се поттикнат позитивни интеракции помеѓу младите од различна етничка припадност на ниво на заедница, истовремено подобрувајќи ги вештините на граѓанско образование, позитивно однесување и волонтерски практики на младите. *(Буњамин Османи, Нада Трајкова, Климентина Климоска).*

- На 5.3.2025 година, распишан е литературен конкурс на тема: „Се дружиме, твориме, создаваме и заеднички рака си подаваме". Право на учество имаа сите ученици од прва до четврта година *(Нада Трајкова, Буњамин Османи).*

- Во рамки на Ораторската вечер, на 24.4.2025 година, беа прогласени и наградените ученици кои учествуваа на литературниот конкурс на тема: „Се дружиме, твориме, создаваме и заедно рака си подаваме" од Проектот за мултикултура, етничка интеграција и толеранција. На литературниот конкурс творби доставија осум ученика од кои тројца од нив беа наградени, а на останатите им беше доделена благодарница за учество. Наградени беа учениците:

- *Нина Дарлева, прва награда; ментор: Силвија Митревска-Филипова;*
- *Ивана Стевановска, втора награда; ментор: Катерина Јакимовска;*
- *Ермира Небија, трета награда; ментор: Ваљдета Касапи.*

- На 12.5.2025 година, во АСУЦ „ Боро Петрушевски" на Град Скопје, се одржа последната планирана активност од Проектот за мултикултура, етничка интеграција и толеранција „Младите и денешницата". Од страна на учениците беа уредени штандови со промотивен материјал за презентација на културата и традицијата на етничката заедница од која доаѓаат. Потоа следеше мала закуска на која секој од присутните имаше можност да ужива во различните вкусови и мириси на разновидна традиционална храна. Активноста насловена „Промоција на културата, традицијата и обичаите на различни етнички заедници имаше за цел меѓусебно да се запознаеме со различните етничките заедници, а со тоа беше постигната главната цел на проектот - градење мостови за заедничка поуспешна иднина и уривање на предрасудите кои се појавуваа на патот кон успехот. *(Нада Трајкова, Буњамин Османи, Драгица Дренковска).*

*Б) Меѓународни проекти добиени по пат на аплицирање*

**Проекти од програмата „Еразмус +"**

1. Проект од Еразмус + програмата: „European VET Excellence Platform for Green Innovation-GREENOVET" („Европска платформа во стручно образование за зелени иновации") КА3 - поддршка за стратешка реформа. Координатор е организација од Австрија, со други пет парнери од Австрија, четири партнери од Финска, три партнери од Португалија и пет партнери од Македонија. Се реализираа повеќе активности под координација на партнерите, состаноци, истражувања, соработка со социјални партнери, интервјуа и сл.

- На 10.10.2024 година се реализираше Конзорциум-митинг со сите 18 партнери од 4 земји-учеснички во проектот. Посета на саем за пракса и вработување, со фокус на зелени работни места. Како последна активност во рамки на проектот GREENOVET, со поддршка од ЦИЗИ, на 16.10.2024 се одржа и Форум „За развиена зелена економија потребни се зелени вештини" *(Сунчица Белинска Андов и Соња Атанасовска со 15 ученици од четврта година (IV-5,6,7).*
- Активности во рамки на проектот ГРИНОВЕТ за успешно затворање.
- Месечен регионален состанок со партнерите од Македонија во рамки на проектот Гриновет, на кој се дефинираа идни планови и завршни активности кои треба да се реализираат; Активности за затворање на проектот ГРИНОВЕТ. *(Сунчица Белинска-Андов).*
- Greenovet-European VET Excellence Platform for Green Innovation, во рамки на овој проект, со поддршка од Центарот за извонредност во зелени иновации – ЦИЗИ, на 16.10.2024 година, се одржа форум „За развиена зелена економија потребни се зелени вештини".
- GREENOVET - Онлајн-состанок во рамките на Работниот пакет 6 со партнерите од Австрија, Португалија и Финска, на кој се дискутираше за финалните активности кои претстојат во следниот период. Подготовка на извештаи и документи за реализираните активности. Редовен месечен

состанок со партнерите од Скопскиот регион како подготовка за состанок на Конзорциумот, со учество на сите партнерски организации. *(Соња Атанасовска)*

- Посета на ученици од АСУЦ „Боро Петрушевски" на Град Скопје на Машински факултет - Скопје, каде се одржа Саем за пракса и вработување, со фокус на зелени работни места. За време на саемот, учениците имаа можност да остварат контакти со компаниите како нивни идни потенцијални работодавачи.
- Онлајн-вебинар на тема: „Elevate Your Project Application: AI Guidance to Facilitate Your Authentic Work, https://euneoscourses.eu, на 15 јануари 2025 година.

2. Учество на настан во СУГС Гимназија „Раде Јовчевски Корчагин", на 7.2.2025 година, од Еразмус-проектот „Students today responsible entrepreneurs tomorrow – teacher toolkit 2", на кој беа презентирани текот на проектот, прирачникот за професори, веб-страницата со бесплатни ресурси и алатки за професори, како и финалните цели на плодната повеќегодишна соработка со нивните партнери од Литванија, Романија и Италија. (*Маја Цветкова*).

*3.* **Мобилност во рамки на проектот „Зелени вештини" – Еразмус+** *(проект-координатор: Катерина Јакимовска)*

- Во периодот од 5 до 9 мај 2025 година, АСУЦ „Боро Петрушевски" – Скопје, под покровителство на Град Скопје, имаше чест да биде домаќин на партнерското училиште од Токат, Турција, во рамките на проектот „Зелени вештини", кој се реализира како дел од програмата Еразмус+. Проектот е дел од конзорциумот на Еразмус+ на Националниот директорат за образование од Токат, а нашето училиште е еден од активните имплементатори. Главната цел на проектот е да се зголеми свеста кај учениците за:

- климатските промени,
- влијанието на човекот врз екосистемот,
- мерките за превенција од климатските промени и глобалното затоплување,
- ефектите од овие појави врз здравјето на луѓето.

Покрај еколошката компонента, проектот вклучува и:

- активности за унапредување на јазичните вештини на учениците,
- запознавање со различни култури,
- поттикнување на личен и образовен развој преку интеркултурна размена.

*4.* **Проект: Erasmus+ – Промоција на природните убавини и биодиверзитетот на Македонија** *(проект-координатор: Катерина Јакимовска)*

*Посета на учениците од АСУЦ „Боро Петрушевски" – Скопје ВО СКАЈЛАБ ЕДУКЕЈШН*

На 5.6.2025, 35 ученици од АСУЦ „Боро Петрушевски", беа во посета на SkyLab Education Center – Скопје, во рамки на проектот Erasmus+ „Промоција на природните убавини и биодиверзитетот на Македонија".

Активноста вклучуваше организирање едукативен квиз со тема „Природа и еколошка свест". Квизот беше осмислен за да ги поттикне знаењата на учениците за биодиверзитетот, заштитата на животната средина и природните ресурси на Македонија. Учениците беа поделени во тимови и со голем ентузијазам одговараа на прашања поврзани со флората, фауната, заштитените подрачја и климатските промени. Во текот на активноста беа евидентни нивниот интерес, ангажираност и подготвеност да научат нови информации. На најдобрите тројца ученици им беа поделени награди, а наградата за сите беше посета на Националното богатство Матка.

Цел на активноста: продлабочување на еколошката свест кај младите; поттикнување тимска работа и критичко размислување; интерактивно учење преку квиз-формат.

5. Во период од 8.6. до 17.6. наставниците Драгица Дренкова, Иван Ѓаковски, Неџат Мјаки, Мерита Груби, Неџат Љика и Исмаил Сали беа на едукативен престој во Брага, Португалија.

6. Проект Erasmus + Programme , KA1 "Learning mobility of individuals" , sector "Vocational Education" of EU, во период од 17.6 до 30.6.2025 година, 12 ученици беа во Брага, Португалија, заедно со наставниците Јован Јоновски и Александар Пупков

7. На 18.8.2025 година, пред ученици и наставници од АСУЦ се одржа дисеминација на проектот и на престојот на учениците во Брага, Португалија (Снежана Божиноска-Ристеска).

*8.* **Проект РИКО – „СУПЕРУЧИЛИШТА"** *(проект-координатор: Катерина Јакимовска)*

- *На 20.9.2024 година АСУЦ „Боро Петрушевски" потпиша договор и влезе во семејството на „Суперучилишта".*

АСУЦ „Боро Петрушевски" на Град Скопје е едно од училиштата кое го доби престижниот статус „Суперучилиште" што е значаен чекор напред во поттикнување на градењето мир, помирувањето и меѓукултурното учење. На настанот „Запознајте ги суперучилиштата", беше презентиран и проектот што АСУЦ го реализираше во партнерство со Средното стручно училиште „Иван Ускоковиќ" од Подгорица. Проектот се реализираше со поддршка од RYCO и GIZ, а овие трансформативни размени ја зајакнаа мобилноста на младите и воспоставија трајни партнерства низ целиот свет. На настанот присуствуваа *в.д. директорот, Александар Стрезов, и координаторот на проектот, Катерина Јакимовска.*

- Од 25 до 28 септември 2024 година во Врњачка Бања, Република Србија, се одржа обука за проект-координаторите на RYCO за вториот циклус на програмата „Суперучилишта", организирана од страна на RYCO – Регионална канцеларија за младинска соработка, Европската Унија, GIZ и Германската влада. Обуката се организираше со цел наставниците – координатори на проектот да се стекнат со вештини и знаења за успешна размена меѓу партнер-училиштата. Размената на RYCO ги нагласува можностите за учење насочени околу меѓукултурниот дијалог, градењето мир, конструктивното сеќавање и помирувањето. *(Катерина Јакимовска).*
- На 18.10.2024 година, учество на онлајн-сесија „Superschools Online Capacity Building session on „Environmental peacebuilding and reconciliation" *(Катерина Јакимовска)*;
- На 29.10.2024 година, учество на онлајн-сесија: „Superschools Online Capacity Building session on Design for Change Methodology" Yahoo Mail: Search, Organize, Conquer *(Катерина Јакимовска).*
- АСУЦ „Боро Петрушевски" на Град Скопје го доби овој проект и учествуваше во размена на ученици во Подгорица, Црна Гора со училиштето „Иван Ускоковиќ", од истата струка. Во проектот учествуваа 14 ученици од прва до трета година, и двајца професори: Катерина Јакимовска и Снежана Божиноска-Ристеска. Размената траеше 7 дена. Учениците имаа секојдневни работилници и активности во рамките на проектот, се дружеа, стекнуваа позитивни искуства и се вратија со позитивни впечатоци. *(Катерина Јакимовска, Снежана Божиноска-Ристеска).*
- На 16.12.2024, во просториите на АСУЦ „Боро Петрушевски" на Град Скопје, со присуство на 22 учесници и 6 презентери, се одржа дисеминација на проектот „Superschools" – RYCO „Предизвиците на младите на Балканот". Настанот беше организиран со цел да се пренесат стекнатите знаења и искуства од претходни активности поврзани со предизвиците на младите на Балканот во Подгорица, Црна Гора, од 24 до 30 ноември 2024 година. Главен фокус беше ставен на теми како што се: дискриминацијата, насилството, вработувањето, миграцијата, образованието, социјалната инклузија и младинската партиципација во општествените процеси. Презентацијата опфати анализа на тековната состојба на младите во регионот, вклучувајќи конкретни примери и решенија кои произлегоа од работилниците

во Подгорица. Посебно внимание беше посветено на проблемите со: дискриминацијата, високата стапка на невработеност, одливот на млади таленти од Балканот, недостатокот на практични можности за образование, недоволното учество на младите во процесите на донесување одлуки. Учесниците активно се вклучија во дискусијата, изразувајќи свои ставови и предлози за можни решенија. Се покренаа и прашања за регионална соработка и можностите за младински проекти кои ќе ги премостат постојните бариери. *(Катерина Јакимовска, Снежана Божиноска-Ристеска).*

- Од 23 до 29.3.2026, бевме домаќини на 14 ученици и 2 наставници од средното училиште „Иван Ускоковиќ" од Подгорица, Црна Гора. Беа направени бројни работилници и културно-историски прошетки, каде учениците од Подгорица се дружеа со нашите ученици. *(Катерина Јакимовска, Снежана Божиноска-Ристеска).*

*9.* **Проект „ProBleu"** *(проект-координатор: Катерина Јакимовска)*

- На 20 септември 2024 година, изработено е видео за проектот ProBleu заедно со ученици од четврта година и вклучени наставници: *Катерина Јакимовска, Снежана Божиноска-Ристеска, Кујтим Дулови и Игор Ивановиќ.* Направени се 2 презентации на повеќе од 80 ученици, каде учениците од повеќето класови беа запознаени со проектот ProBleu со power point-презентација. Едната презентација ја направи Снежана Божиноска**-Ристеска**, другата Катерина Јакимовска. Отворени беа Twitter, Instagram, LinkedIn линкови на училиштето за потребите на проектот.

- 15.11.2024 г., беа одржани две предавања со учениците од АСУЦ „Боро Петрушевски" на Град Скопје, во Природно-научниот музеј, каде учениците учеа за екосистеми, флора, фауна и за ендемските риби во Охридското Езеро, од страна на експертите: Лилјана Стефановска, дипломиран биолог -едукатор и Билјана Карамачоска, виш кустос. Беа вклучени 17 ученици и тројца наставници: *Катерина Јакимовска, Снежана Божиноска-Ристеска и Кујтим Дулови.*

- На 28.11. 2024 г., во рамките на проектот ProBleu, училиштето АСУЦ „Боро Петрушевски" на Град Скопје, оствари соработка со Македонското еколошко друштво (МЕД) и успешно реализираа едукативна работилница „Екосистемот и одржливиот развој на Охридското Езеро", преку која имавме за цел да се поттикне интерактивното и практичното образование за сите ученици. Преку оваа иницијатива, учесниците имаа можност да се запознаат со биолошката разновидност, значењето на екосистемот и важноста на одржливиот развој на Охридското Езеро. *(Кујтим Дулови, Бранислав Глигоров, Катерина Јакимовска и Снежана Божиноска-Ристеска).*

- *Работилница „Заштита на Охридското Езеро"*

  На 24.12.2024 година, во Природно-научниот музеј во Скопје, беше одржана едукативна работилница во рамките на проектот ProBlue. Работилницата беше организирана со цел да се подигне свеста за заштита на ендемичните видови, како и да се поттикне едукативен дијалог за важноста на Охридското Езеро како уникатен екосистем. Работилницата се состоеше од три дела:

- Теоретски дел:

  Презентација за биодиверзитетот на Охридското Езеро, со посебен осврт на неговите ендемични видови. Посебно беа истакнати: охридската пастрмка и белвицата.

- Практичен дел:

  Учесниците беа поделени во групи и работеа на анализа на заканите за ендемичните видови, вклучувајќи прекумерно риболовство и загадување и на предлози за мерки за заштита, како регулирање на риболовот и еколошка едукација.

- Интерактивни дискусии:

  Се водеше отворена дискусија за тоа како младите можат да придонесат за зачувување на овие видови.

- *Трибина: „Заштита на охридската пастрмка и белвица во Охридското Езеро"*

На 26.12.2024 г., во Музејот на македонската борба, во рамките на проектот ProBleu, АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје, организираше трибина на тема: „Заштита на охридската пастрмка и белвица во Охридското Езеро“. На трибината учествуваа претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кои дадоа особена тежина и суштина на трибината. Трибината беше медиумски покриена од националната македонска телевизија. Целта на трибината беше подигнување на јавната свест за значењето на заштитата на Охридското Езеро, со акцент на неговиот уникатен биодиверзитет и специфичните предизвици поврзани со зачувувањето на охридската пастрмка и белвица – ендемски видови од исклучително значење за екосистемот на езерото. На трибината присуствуваа околу 150 гости, меѓу кои: претставници од државни институции (Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, одделение за рибарство), научни организации (Хидробиолошки завод од Охрид), невладини организации (Граѓанско здружение SOS), други локални организации, образовни установи (ученици и наставници од основни и од средни училишта), медиуми, граѓани, родители и заинтересирани поединци од јавноста.

Трибината беше успешна и во поглед на посетеноста и во поглед на гостите во создавањето платформа за дискусија и размена на идеи за заштита на Охридското Езеро. Ова претставува значаен чекор кон градење одржлив модел за зачувување на природното наследство.

- Регистриција и формирање сметка на ProBleu Catalogue of Teaching Aids и прикачување на постоечките материјали. Тоа е повеќејазична платформа дизајнирана да ја инспирира и поддржи океанската и водната писменост во училниците низ Европа и пошироко.

- На 16 април 2025 година, во АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје, се одржа традиционалниот Отворен ден на училиштето, кој годинава беше збогатен со промоцијата на проектот ProBleu. Во рамките на настанот, присутните гости имаа можност да се запознаат со активностите и целите на проектот ProBleu, преку подготвена видеопрезентација и промотивни материјали – флаери кои беа дистрибуирани на посетителите. За особен придонес во реализацијата на проектот, ProBleu доби Благодарница, што претставува значајно признание за вложените напори и посветеност на наставниците-учесници во проектот. Отворениот ден успешно ја потврди својата улога како простор за соработка, промоција и мотивирање на младите, а ProBleu доби заслужено внимание и поддршка.

- **Еколошка акција во рамки на проектот „ProBleu“**

**Организатори:** АСУЦ „Боро Петрушевски“ – Скопје, ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ – Охрид, Здружение „Енхелеус Лихнид“ – Охрид.
**Локација:** Една од најзагадените плажи на Охридското Езеро.
**Број на учесници:** повеќе од 80 учесници (ученици и наставници од двете училишта).
**Активности:** чистење на плажата, едукација за екосистемот на езерото, работилници во ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид, посета на мрестилиште за охридска пастрмка, посета на културно-историски знаменитости во Охрид.
**Институции и организации вклучени во поддршката:** Општина Охрид – Сектор за управување со отпад; ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид; ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ – Охрид; Здружение „Енхелеус Лихнид“ – Охрид; Граѓанска иницијатива „Охрид SOS“.
**Едукативна компонента:** учениците се запознаа со биодиверзитетот на езерото; посебен акцент беше ставен на ендемските видови: охридска пастрмка и белвица; практична посета на мрестилиште со подмладок од пастрмка.
**Културна компонента:** посета на музеи, споменици и значајни локации во Охрид.
**Формализирање на соработката:** потпишан Меморандум за соработка помеѓу директорот на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје, Александар Стрезов; директорот на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ од Охрид, Сашо Недески; директорот на „Енхелеус Лихнид“, Виктор Крстаноски.

**Заклучок:** акцијата претставува успешен пример за меѓучилишна, меѓуинституционална и меѓународна соработка; акцент беше ставен на едукација, екологија и градење еколошки свесни млади генерации.

- **Завршна манифестација во рамките на проектот ProBleu**

Во период од 16 до 18 јуни 2025 година, се одржа тридневна завршна манифестација со цел промоција на Прирачникот за заштита на Охридското Езеро, како дел од активностите на проектот ProBleu. На завршната манифестација активно учествуваа ученици од АСУЦ „Боро Петрушевски“, како и ученици од други средни училишта, кои беа дел од проектните активности во текот на учебната година. Настанот го збогатија и наставници од различни образовни институции, кои преку своето присуство и вклученост придонесоа за размена на искуства и идеи. Дополнително, присуствуваа и родители, како и гости од локалната заедница и партнери во проектот, што ја потврди важноста на соработката помеѓу училиштето и пошироката заедница. Во рамките на манифестацијата беа реализирани повеќе значајни активности. Централно место заседе промоцијата на Прирачникот за заштита на Охридското Езеро, кој беше претставен пред присутните како практичен и едукативен ресурс. Покрај тоа, беа организирани презентации и дискусии на еколошки теми, каде учениците и наставниците имаа можност да ги споделат своите искуства и научени лекции. Настанот вклучуваше и интерактивни содржини и визуелни материјали, кои ја збогатија програмата и овозможија подлабоко разбирање на темите поврзани со заштитата на животната средина. Во рамките на завршната манифестација беше посветено внимание и на социјалната и културната димензија на настанот. За таа цел беше организирана музичка програма со диџеј, која придонесе за позитивна и енергична атмосфера меѓу присутните. Дополнително, за сите учесници беше обезбеден кетеринг, што овозможи неформално дружење и размена на впечатоци во пријатна средина. Просторот каде што се одвиваше манифестацијата беше внимателно уреден со еколошки и визуелни елементи, кои ја нагласија темата на проектот и создадоа инспиративна и пријатна атмосфера за сите присутни. На манифестацијата беа реферирани сите активности реализирани во текот на учебната година во рамките на проектот ProBleu. Преку презентации, визуелни материјали и дискусии, беа прикажани резултатите од еколошките акции, едукативните работилници, соработките и постигнувањата на учениците. Манифестацијата претставуваше успешна завршница на проектот ProBleu, демонстрирајќи: силна меѓучилишна и меѓуинституционална соработка, високо ниво на ангажман од ученици, наставници и заедницата, поттикнување еколошка свест и активизам кај младите.

*10.* ***Проект „Соларно село“*** (проект од Словенија), кој е во фаза на подготовка и се чекаат материјалите и електрониката потребни за изградба и опремување на соларните куќички *(Јован Јоновски).*

В) Проекти креирани и организирани во Училиштето

**1. Професионален развој на наставниците -** Преку индивидуалните планови за професионален развој на наставници изработен е Училишниот план за професионален развој за Годишната програма за 2024/2025 година врз база на кој беа реализирани обуки за наставниците.

***2.*** На 16.1.2025 година, во АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје, во организација на Црвен крст од Гази Баба, се одржа едукативна сесија на тема: „Инклузија“, водена од м-р Александра Карагирова, специјален едукатор и рехабилитатор, магистер по аутизам и интелектуална попреченост. Едукацијата опфати теми за класификација на лицата со попреченост, при што посебен акцент беше ставен на важноста на индивидуалните образовни планови (ИОП),

формирањето и улогата на инклузивните тимови, како и обезбедувањето соодветна поддршка во училницата. Исто така, беа понудени насоки за адаптација на наставните методи со цел да се овозможи квалитетно образование за сите ученици. *(Силвија Митревска-Филипова, Катерина Јакимовска, Маја Цветкова, Валдета Касапи, Нада Трајкова, Вјоса Војка-Зеќири, Неаљ Абуљи, Рефик Садики, Снежана Божиноска-Ристеска, Виолета Кралевска, Сунчица Белинска- Андов, Теута Даци, Иман Изери, Маја Аевска Иванова, Кастриот Касапи, Игор Ивановиќ, Климентина Климоска, Светлана Димитриевска, Јован Јоновски, Марија Димитрова, Седат Мустафовски, Дритан Адеми).*

**3.** На 30.6.2025 и на 1.7.2025 година, беше реализирана обука на тема: „Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава", која ја следеа сите наставници. Обуката беше организирана од страна на Бирото за развој на образованието, со цел наставниците да ги развијат и зајакнат нивните дигитални вештини.

**4.** Обука на наставници во Бурса, во февруари 2025 година, од 10 работни дена за електрични и хибридни возила (теоретска и практична обука, испитување на батерии, елетромотори, хомолонгација на електрични и хибридни возила и даден работен материјал на наставниците (*Азем Сејфула, Агим Јусуфи, Исмаил Сали и Александар Георгиевски*).

**5. Проект „Јавно говорење" - ТРИНАЕСЕТТА ОРАТОРСКА ВЕЧЕР**

- Во АСУЦ „Боро Петрушевски" на Град Скопје, на 24.4.2025 година, се одржа Тринаесеттата ораторска вечер, која е обележје на АСУЦ. На Тринаесеттиот натпревар по јавно говорење, пред голем број присутни, ораторите ги изнесоа сопствените ставови за општествените, политичките и културните збиднувања. Тие пренесоа јасни пораки за тоа какво сакаат да биде нивното секојдневие и за тоа во каков свет сакаат да живеат. Наградени беа учениците: Марија Колева II 2 клас (освоено прво место); Марио Јовановски I9 клас (освоено второ место), Ива Митовска III2 клас (освоено трето место) *(Ленче Томова, Силвија Митревска-Филипова, Буњамин Османи)***.**

**6.** Проект за одбележување на 23-ти април - Светски ден на книгата и авторските права/работилница „Ти си на ред да читаш" *(Катерина Јакимовска).*

### 5.7. Активности како иновации, експериментирања и мали проекти во функција на унапредување во наставата

**1.***Изработка на влезни иницијални тестови* за учениците од прва година и организирање дополнителна настава за отстранување на празнините во знаењата на учениците од страна на наставници од природно-математичкото, културолошко-јазичното и стручното наставно подрачје.

**2.**Статистички формулари за Завод за статистика *(Сунчица Белинска-Андов)*;

**3.**Осигурување на ученици од прва до четврта година *(Сунчица Белинска-Андов)*;

**4.**Пополнети статистички податоци за ученици во табели за БРО и ЦСОО *(Сунчица Белинска-Андов и Теута Даци)*;

**5.**Часови со посебен приод и иновации *(наставници од сите активи).*

**6.***Проектни задачи* во рамките на редовната настава во континуитет спроведуваа наставниците по историја, граѓанско образование, математика, англиски јазик и по стручните предмети.

**7.** Посебно важна активност во Училиштето е *подготвувањето процедури и протоколи, односно постапки за важни училишни активности* кои резултираа со училиштен документ усвоен на Наставнички совет и е стратешки водич во работењето кој постојано се надополнува. Секоја година документот се проширува со нови протоколи и постапки: Постапка за работа со ученици - жртви на насилство, Критериуми за избор на

најдобар клас, Програма за ученици со посебни потреби, Постапка за следење на редовноста на учениците врз основа на упатството на МОН и БРО, Насоки за постапување со учениците во случај на сомнеж или сторено психичко или физичко насилство врз нив - материјал за вонредна родителска средба, Постапка за превенција од заразни болести, Постапка како треба да му се помогне на ученик кога има некоја пречка во учењето, Стратегија за намалување на осипувањето на учениците од училиштето, Постапка за одржување на редот во Училиштето од страна на училишното обезбедување, Постапка за спроведување дежурство на наставниците за време на одморите, Постапка за организирање матурска вечер и матурско табло, Постапка за замена на отсутни наставници и сл. Овој документ се надополнува во континуитет според потребите.

### 5.8. Општествено-корисна и културна дејност

Активностите од подрачјето на јавната и културната дејност се одвиваа преку:

Хуманитарно-корисни акции

**Хуманитарно-корисни акции** во Училиштето се организираат со цел развивање хумани вредности кај учениците:

- Учениците од АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје, заедно со своите наставници, на 24 и 25.1.2025 година, повторно ја покажаа својата хуманост учествувајќи на Хуманитарен базар за лекување на ученичка од средно училиште од Скопје. На базарот, кој се реализираше во куќарките на Градскиот плоштад, во организација на Град Скопје, учениците продаваа рачни изработки, домашни производи и топли напитоци. Преку истакнатите пораки посочуваа колку се важни хуманоста, здравјето и среќата, со надеж дека собраните средства ќе помогнат за среќна иднина на младата девојка. *(в.д. директор, Александар Стрезов; Силвија Митревска-Филипова; Коце Тапшановски; Маја Аевска Иванова, Џениса Адеми, Зоки Стојмиров, Александар Пупков, Кастриот Касапи, Кујтим Дулови, Седат Мустафовски).*
- На 10.4.2025 година, се спроведе Крводарителска акција во соработка со Црвениот крст на Гази Баба *(Маја Аевска Иванова).*

Одбележување значајни датуми и празници

Сите празници (државни и верски), беа одбележани преку соопштенија, читање реферати, изработка на паноа, презентации и сл. Ќе го спомнеме одбележувањето на следните празници:

- *Недела на активности по повод 21 Септември - Меѓународен ден на мирот (од 16 до 20 септември 2024 година)*

Учениците од АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје и учениците од СУГС „Панче Арсовски“ учествуваа во заедничка работилница на тема: „Вистинскиот мир доаѓа од срцето“, во одбележување на 21 Септември - Меѓународниот ден на мирот. Исто така, во рамките на училиштето АСУЦ „Боро Петрушевски“ беа направени низа активности по повод 21 Септември, каде учениците заедно со наставниците имаа креативни изработки, ликовна изложба и испратија пораки за мирот. *(Одговорен наставник: Катерина Јакимовска, во соработка со наставниците: Буњамин Османи, Флорија Исмаили и Валдета Касапи).*

- *4.10.2024 година – Одбележан Светскиот ден на учителот*

Во АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје, на 4.10.2024 година, со пригодно читање и со запишување мисли за учителот, беше одбележан Светскиот ден на учителот – 5

Октомври. Учениците од прва година се претставија со ликовни творби и изработка на хамери на тема „Светски ден на учителот". *(Силвија Митревска-Филипова, Катерина Јакимовска, Нада Трајкова, Буњамин Османи, Валдета Касапи, Флорија Исмаили);*

- *31.10.2024 година* – По повод Халуин, учениците од четврта година изработуваа материјали за Халуин, постери и хамери *(Маја Цветкова).*
- *22.11.2024 година – Одбележан Денот на албанската азбука*

По повод 22 Ноември - Денот на албанската азбука имаше изложба што ја подготвија учениците: Адмир Рамадани, Самир Абдурамани, Дуреса Јашари, Ермерита Мустафовска од класот 403/404. Тие ја направија целата азбука со картончиња, и една книга каде што беа истакнати комисијата и некои слики од Битолскиот конгрес. Исто така, беа подготвени и материјали со значајни податоци за македонската и за албанската азбука и писменост кои беа истакнати кај скалите каде што има голема фрекфенција на ученици за да ги читаат и да учат. *(Валдета Касапи, Буњамин Османи, Ленче Томова, Халиме Демир-Хоруни, Џениса Адеми Неаљ Абдули, Седат Мустафовски).*

- Ликовна изложба на творби на ученици од прва година по повод 8 Септември - Денот на независноста, во период од 2.9. до 12.9.2024 год. *(Маријана Маријонцу Симовска).*
- Ликовна изложба во училишниот хол од ученици од прва година од ликовен перформанс на тема „Мир", на 19.9.2024год. *(Маријана Марионцу Симовска).*
- На 14.3.2025 година, преку квиз беше одбележан Денот на бројот ПИ (Анета Пашоска).
- Одбележување на 3 Декември – Меѓународен ден на лицата со посебни потреби (*Соња Ристовска*);
- Одбележан Светскиот ден за борба против Сидата преку презентација „Зборуваме за сида" (*Соња Ристовска*);
- Одбележување на 22 април - Денот на планетата Земја *(Еврим Агиќ);*
- Одбележување на 7 Март – Ден на албанските просветители (*Буњамин Османи, Ваљдета Касапи, Силвија Митревска-Филипова*);
- 23 Април, English Language Day / United Nations, денот е одбележан со учениците од III година *(Вјоса Војка-Зеќири).*

**<u>Проектни задачи, реферати, паноа, презентации, квизови</u>**

- Во рамките на редовната настава во континуитет се реализираа активности за унапредување на наставата во форма на проектни задачи, реферати, паноа како најдобар начин за поттикнување интензивна соработка меѓу учениците и наставниците. Изработени се паноа: „Безбедност, сообраќај, транспорт", „Безбеден пат од дома до училиште" од страна на учениците од Сообраќајната секција. *(Зоки Стојмиров).* Изработени се новогодишни аранжмани за украсување на училишниот простор *(Коце Тапшановски, Анета Пашоска)*, изработка на маски за денот на вештерката *(Маја Цветкова)*, презентации од ученици за половите разлики, како и дебата за истополови бракови „за и против" *(Еврим Агиќ)*, јавна дебата „Безбедноста на пешачите" - одговорност на сите нас *(Зоки Стојмиров)*, презентација за заштита од интернет, споделување со класните раководители во рамките на програмата за заштита на здравјето на учениците *(Соња Ристовска)*. Изработени се проектни задачи: „Македонски револуционери", „Насилството меѓу младите (причини, последици и можност за излез)", „Злоупотреба на алкохол", „Важно е да се грижиш за себе", „Врсничко насилство", „Влијание на врсниците", „Бидете позитивни" *(Виолета Кралевска),* проекти за Европската унија *(Еврим Агиќ)*. На 14.3.2025 година, преку квиз беше одбележан Денот на бројот ПИ *(Анета Пашоска).*

**Реферати за:** 8 Септември – Ден на независноста; 11 Октомври - Ден на вооруженото востание на македонскиот народ; 23 Октомври - Ден на македонската револуционерна борба *(Виолета Кралевска и Кастриот Касапи).*

**<u>Посети</u>**

Сите посети беа тесно поврзани со наставата и проширување на знаењата на учениците.

- АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје ја продолжува соработката со училиштето „Bursa Otomotiv Endüstrisi İhracatçıları Birliği Mesleki ve Teknik Anadolu Lisesi“, од Бурса, Турција. В.д. директорот на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје, Александар Стрезов, помошникот-директор за обука, истражување и развој, Кристијан Петрески, од 9.10.2024 година, беа во работна посета на Училиштето од Бурса каде се сретаа со директорот на Училиштето, Güray Köken и разговараа и се договорија за идни заеднички проекти и за продлабочување на соработката. Тие, исто така, започнаа соработка и со менаџментот на овластениот увозник на камиони за Турција Kocaslan SCANIA, ги посетија фабриката и центарот за едукација Ermetal teknolojik eğitimler vakfı, го посетија саемот "TURKIYE INNOVATION WEEK 2024", кој се одржа во Истанбул бевме гости на штандот на училиштето домаќин, а на истиот оствaривме контакти со училишта, универзитети и компании од разни области.

- Од 29.10 до 1.1.2024 година, наши гости беа претставници од училиштето „Bursa Otomotiv Endüstrisi İhracatçıları Birliği Mesleki ve Teknik Anadolu Lisesi“, од Бурса, Турција, меѓу кои: Güray Köken, директор, Mehmet Öztürk, заменик-директор и Alpaslan Üner, помошник-директор. Тие заедно со ученици и професори од училиштето, веднаш по пристигнувањето, имаа можност да го разгледаат Училиштето, да ги посетат училишната работилница, Станицата за технички преглед и полигонот и да се запознаат со можностите кои ги нуди АСУЦ. Исто така, ги посетија и: Амбасадата на Република Турција, ВДЛ Ванхоол и М-кар, а имаа и работна средба во Град Скопје

- Посета на Драмски театар, на 12 март 2025 година, на претставата „Парови“, со 35 ученици. (*Катерина Јакимовска*).

- Посета на ученици од АСУЦ „Боро Петрушевски” на Град Скопје на Машински факултет - Скопје, каде се одржа Саем за пракса и вработување, со фокус на зелени работни места. За време на саемот, учениците имаа можност да остварат контакти со компаниите како нивни идни потенцијални работодавачи.
- На 5.6.2025, 35 ученици од АСУЦ „Боро Петрушевски“, беа во посета на SkyLab Education Center – Скопје, во рамки на проектот Erasmus+ „Промоција на природните убавини и биодиверзитетот на Македонија“.

- На 25.10.2024, посета на верски и културно-историски знаменитости во Старата скопска чаршија со ученици од прва и втора година, во рамки на еднодневниот излет *(Кастриот Касапи и Маја Аевска Иванова);*
- Посета на АД Пошта со ученици од II2 клас *(Игор Ивановиќ);*
- Посета на АД Фершпед во врска со функционирање на тарифно-конјуктурен сектор во АД со ученици од IV 2 клас *(Игор Ивановиќ);*
- Посета на ЈСП и изглед на нивниот возен парк или Fleet Management *(Игор Ивановиќ);*
- Отворен ден на Тетовскиот факултет каде што матурантите од АСУЦ „Боро Петрушевски“ го посетија Тетовскиот факултет *(Иман Изери);*
- Посета на сервиси и организирање учење преку работа кај работодавач за ученици од четврта година *(Агим Јусуфи, Наташа Алексов);*
- Посета на ДЕНИ Интернационал, Скопје со учениците од III-2 и од IV-2 *(Зоки Стојмиров);*
- Работна посета на ЈСП на Град Скопје со учениците од III-1 клас, техничар за патен сообраќај, пробно снимање за влез-излез на патниците на една постојка *(Зоки Стојмиров);*

- Изведена практична вежба, сообраќајни знаци и нивна примена на Автодромот во АСУЦ „Боро Петрушевски“, со класот III – 1 беше извршена работна посета на ЈСП Скопје со што учениците се запознаа со понатамошната соработка *(Зоки Стојмиров);*

- Извршена работна посета со учениците III2 во Транспсортна компанија ИНТЕР СТЕАЛ што се занимава со организирање меѓународен транспорт *(Зоки Стојмиров);*
- Посета на локална фабрика за запознавање со современи производни процеси *(Неџат Мјаки)*;
- Работна посета со учениците од трета и од четврта година на „БОМИ логистик" *(Зоки Стојмиров);*
- Работна посета со класот III-2 во шпедиција за меѓународен транспорт „Боми 10 Логистик" *(Зоки Стојмиров);*
- Работна посета со класот III-1 на транспортна компанија за организирање превоз „Интер Стил Логистик" *(Зоки Стојмиров);*
- Работна посета со класот III-2 во шпедиција за меѓународен транспорт „Медитеран" *(Зоки Стојмиров);*
- Работна посета со класот III-1 на транспортна компанија за организирање превоз „Славов Компани" *(Зоки Стојмиров).*

**<u>Ден на екологијата</u>**

Оваа учебна година Денот на екологијата беше одбележан со презентации подготвени од учениците во насока на заштита на животната средина. Преземените активности беа во насока на поттикнување на еколошката свест кај учениците.

Оваа година Училиштето оствари соработка со Екофлуид, при што беа посадени садници во дворот на Училиштето и со Оил тек, кои донираа опрема за практична настатава и униформи за вработените (20 комплета комбинизони).

**<u>Манифестации и прослави</u>**

***<u>Училишни манифестации и акции</u>***

Патронат на Училиштето, Матурска вечер, Отворен ден се манифестации кои традиционално се реализираат во АСУЦ.

- *Отворен ден - АСУЦ 2025*
  - На 16.4.2025 година, во АСУЦ „Боро Петрушевски" на Град Скопје, се одржа Отворен ден како дел од активностите за одбележување на патрониот празник на Училиштето. Отворениот ден е врска помеѓу социјалните партнери, училиштето и учениците. Со свои штандови пред присутните се претставија 40 социјални партнери на АСУЦ. Учениците од завршните години имаа интервјуа за нивно идно вработување, а учениците од прва, втора и трета година за избор на феријална практика. Наши посебни гости беа деветтоодделениците кои ќе бидат идни ученици на АСУЦ кои се запознаа со можностите што за нив ги нуди АСУЦ. Пред присутните се обратија в.д. директорот на АСУЦ „Боро Петрушевски" на Град Скопје, Александар Стрезов; помошникот-директор за настава, Зекирија Зекири; а од социјалните партнери Имер Селмани и Аврам Стојчевски. Настанот беше збогатен и со лотарија организирана од социјалните партнери. *(Александар Стрезов, директор; Кристијан Петрески, помошник-директор за обука, истражување и развој; Зекирија Зекири, помошник-директор за настава; наставници: Александар Георгиевски, Агим Јусуфи, Силвија Митревска-Филипова, Буњамин Османи, Виолета Кралевска, Халиме Демир-Хоруни).*

### 5.9. Професионален развој на вработените

**Организирање и спроведување обуки**

Како приоритетно подрачје на работење, обуките беа најизразена форма за унапредување на квалитетот во наставата и професионалниот развој на наставниците.

Врз основа на сите анализи, изработена е и **Стратегија за професионален развој на наставниците.** Оваа стратегија **содржи Акциски план,** кој вклучува обуки од интерен карактер - тим за дисеминација, вклучување наставници на обуки и семинари организирани од МОН, БРО, Град Скопје, ДИЦ.

**Интерни обуки:**

1. Обука за наставници од Регионален центар за средно стручно образование на тема: „Запознавање и практична примена на уреди за дијагностика и опрема на моторните возила" за вкупно 20 наставници од РЦСОО и стручни училишта каде се реализира дуално образование. Обуката за наставници од РЦСОО се реализираше во училишната работилница за практична настава при АСУЦ „Боро Петрушевски" на Град Скопје и истата беше спроведена во два термина во април 2025 година. РЦСОО „Никола Карев", Струмица, следеа обука од 9.4.2025 до 11.4.2025 година, а РЦСОО „Коле Неделковски", Велес, од 23.4.2025 до 25.4.2025 година. За време на обуката беа разгледани различни теми во врска со новините во автомобилската индустрија, како и системи поврзани со возилата, додека обуката ја водеа обучувачи-наставници од АСУЦ „Боро Петрушевски" на Град Скопје: *Александар Георгиевски, Александар Петковски, Мирослав Цветковски, Бобан Митевски* (*координатор: Кристијан Петрески).*

2. Обука за спроведување на програмата Еколошки одржливи и иновативни технологи за наставници од сектор машинство од средните стручни училишта во РС Македонија, обучувачи: *Наташа Алексов и Ридван Зеќири, советник од ЦСОО*.

3. Реализирани се обуки за Безбедност и здравје на работно место на сите нововработени во училиштето *(Мимоза Гичевска,Бобан Митевски)*.
4. Обука на учениците од III година за Безбедност и здравје при работа при реализација на програмата по предметот Учење преку работа кај работодавач *(Менсур Абдула, Наташа Алексов, Бобан Митевски)*.

<u>Обуки и вебинари организирани од МОН, БРО и од други институции</u>

- Наставници следеа обуки организирани од ГОПА:
  - тренинг 2 – обука на обучувачи за креирање дигитални материјали за учење,
  - тренинг 3 – обука за инклузивна педагогија,
  - тренинг 5 – обука за дигитална технологија во фокус на ученици од маргинализирани групи,
  - тренинг 6 – обука за вештини за дигитална писменост во училница – основна,
  - тренинг 7 - обука за имплементација на национални стандарди за дигитални постигања на учениците во средно образование,
  - тренинг 8 - обука за вештини за дигитална писменост во училница - напредна,
  - тренинг 9 – обука за наставници и стручни соработници, за работа со ученици со посебни потреби во стручните училишта, а според ревидирани наставни програми.
  - 26.9.2024 год. следење обука за Писа 2025 пробно тестирање *(Теута Даци)*
  - 3.10.2024 год. , обука за Писа 2025 пробно тестирање *(Теута Даци)*
- 22.11.2024 - Обука во Охрид за аплицирирање на проекти и самоанализа на центар за извонредност, организирано од Националната агенција за образовбни програми и мобилност 20 *(Соња Ристовска)*

- Спроведени обуки за учење преку работа за наставници по практично образование*(Соња Ристовска)*
- „Тематска обука за подигнување на свеста за Центрите за извонредност во стручното образование и обука (CoVEs) и зајакнување на капацитетите на провајдерите на СОО за аплицирање на CoVEs повикот“, организирана од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, од 11 до 13 ноември 2024 г. *(Катерина Јакимовска и Соња Ристовска).*
- На 4.12.2024 г., од страна на Сања Димитријевиќ, советник во Бирото за развој на образованието, во СУГС „Никола Карев“ се спроведе обука за ПИСА-тестирање за наставниците кои предаваат македонски јазик и литература во прва година. Обуката ја следеа наставниците: *Силвија Митревска-Филипова, Катерина Јакимовска, Коце Тапшановски и Соња Атанасовска.*
- Во период од 2 до 6.12.2024 во рамките на „Осигурување на квалитет во работата на КУПР“ -реализирани се обуки за Координатори за учење преку работа на тема „Обезбедување на квалитет во работата на координаторот за учење преку работа“ **(***Соња Ристовска)*
- 18.2.2025 год., обука за Писа 2025 тестирање *(Теута Даци)*
- Обука на тема: „Ментално здравје“, одржана во Струмица, од 13 до 15 февруари 2025 година, спроведна во согласност со обновениот Меморандум за соработка меѓу Детската амбасада „Меѓаши“ и Министерството за образование и наука. (Катерина Јакимовска).
- Онлајн-обука, на 10 март и на 14 март 2025, за поставување стандарди за оценување во организација на Државниот испитен центар. Обуките се спроведуваат во рамки на проектот „Техничка помош за развој и имплементација на државното тестирање“. (Катерина Јакимовска).
- Обука за поставување стандарди за оценување, во организација на Државниот испитен центар, по предметот мајчин јазик, одржана во хотел „Континентал“, на 26, 27 и 28 март 2025 година. Обуките се спроведуваат во рамки на проектот „Техничка помош за развој и имплементација на државното тестирање“. (Катерина Јакимовска).
- Учество на обуки: 5, 8 и 9. 5.2025 „Работата на невладините организации и можностите за вклучување на младите и нивно вработување“, Граѓански ресурсен центар (*Соња Ристовска)*;
- 15, 16 и 17.5.2025, реализирање обуки за учење преку работа со Стопанската комора *(Соња Ристовска)*;
- 18 и 19.5.2025, водење работна група за Методологија за подготвување програми и каталог за мајсторски испити *(Соња Ристовска)*;
- 22.5.2025 година - Одржана обука на наставници од основни и средни училишта кои за првпат се вклучуваат во процесот на прегледување тестови од државна матура. На обуката беа присутни 24 наставници. Обуката се одржа во училиштето „Св. Наум Охридски“ – Скопје. *(Ленче Томова, ангажирана од ДИЦ како надворешен соработник).*
- 5, 6 и 7.6.2025, обуки за УПР со Стопанската комора *(Соња Ристовска)*
- На 26.5.2025 год., беше реаилизирана обука за тестатори за Државна матура од страна на Државниот испитен центар,

**Вебинари**: 20.3.2025, „Анксиозност“, Аур Маинд; 25.3.2025, „Емоционална интелигенција“, Аур Маинд; 31.3.2025, „Самопочитување“, Аур Маинд; 8.4.2025, „Асертивна комуникација“, Аур Маинд (Зорица Серафимовска); 3.5.2025, „Резилиентноста како начин за борба против стресот и последиците што ги остава врз менталното здравје“ Славјански факултет; 19.5.2025, „Емоционална интелигенција за градење здрави релации“, Виолета Георгиевска за Аур Минд *(Соња Ристовска)*. Онлајн-вебинар на тема: „Elevate Your Project Application: AI Guidance to Facilitate Your Authentic Work, https://euneoscourses.eu, на 15 јануари 2025 година.

**Конференции, семинари и симпозиуми:**

- Конференција "THE VET CIRCLE SCHOOLS-STUDENTS-COMPANIES" се одржи во Меморијалниот центар Фондација „Никола Клусев", на 25.9.2024 год., наменета на ученици кои бараат пракса/работа и за компании кои имаат потреба од работници *(Александар Георгиевски).*
- На 4.12.2024 година, се одржа првата Еврогајденс национална конференција на тема: „Кариерно советување и насочување и кариерен советник како нова професија". На оваа конференција активно учество зедоа претставници од Министерството за образование и наука; Министерството за социјална политика, демографија и млади; Центарот за образование на возрасни; Бирото за развој на образованието; Агенцијата за вработување; Асоцијацијата на советници за развој на кариера, кариерни центри при АСУЦ „Боро Петрушевски" и Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола. Се одржаа презентации и дискусии за кариерното советување и насочување и за стандардите и квалификациите за новата професија кариерен советник. Исто така, секоја институција презентираше што работи во полето на кариерно советување и насочување и со какви предизвици се соочуваме. Еврогајденс националната конференција е во согласност со тригодишната програма на Еврогајденс програмата и следните две години ќе продолжат со овие конференција на различна тема и различна локација *(Ленче Томова);*
- 11.12.2024 - Посета на Валоризациска конференција во организација на Национална агенција за европски програми и мобилност *(Сунчица Белинска-Андов);*
- 18.12.2024 - Завршна конференција на проектот „Обезбедување квалитет во работата на координаторот за учење преку работа", во „Александар Палас", во присуство на амбасадорот на Австрија и замаменикот-министер за образование и повеќе од 100 координатори и директори од стручните училишта *(Соња Ристовска);*
- Онлајн-конференција „Родовата еднаквост и улогата на мажот - изградба на доверба и разбирање" *(Соња Ристовска, Маја Аевска Иванова);*
- 21.1.2025 г., на покана од Јордан Плевнеш, претседател на Академија „Балканика Еуропеана" и претседател на Интернационалниот универзитет „Еуропа Прима", ученици и наставници од АСУЦ „Боро Петрушевски" на Град Скопје беа на Интернационална конференција „Европа и Балканот – да се биде или не", со поддршка од Европската академија на науките и уметностите и ЕУ Институтот од Скопје. *(в.д. директор Александар Стрезов, Силвија Митревска-Филипова, Коце Тапшановски, Буњамин Османи, Анета Пашоска, Зоки Стојмиров, Кастриот Касапи)*
- Учество со ученици на Интернационална Конференција Европа и Балкан, на 21.1.2025 *(в.д. директор Александар Стрезов, Џениса Адеми, Зоки Стојмиров);*
- Конференција, национален настан за промовирање на резултатите на проектот „Подобрување на квалитетот на образованието и обуката во Југоисточна Европа - EQET SEE", на 19.2.2025 година, во Стопанска комора на Северна Македонија, во организација на Центарот за стручно образование и обука (Катерина Јакимовска);
- Конференцијата за Кариерен развој и инклузија, одржана во Охрид, од 5 до 7 март 2025 година), за посветени професионалци, едукатори и претставници на релевантни институции за размена на искуства, споделување добри практики и поттикнување акции за поквалитетно и инклузивно образование. Експерти од Северна Македонија и од Бугарија ги презентираа стратегиите за кариерно советување и иновативните пристапи за инклузивно образование, нагласувајќи ја важноста на програмите „Еврогајденс" и „Еразмус+". Динамичните дискусии опфатија кариерно советување во училиштата, универзитетите и пошироко, нудејќи вредни увиди во националните и во регионалните иницијативи. Настанот овозможи и можности за вмрежување и културна размена, вклучувајќи организирана тура низ историските знаменитости на Охрид. Конференцијата ја организираше Еврогајденс центарот при Националната агенција за европски образовни програми и мобилност *(Ленче Томова);*
- 9.5.2025 - Конференција „Практичен водич за користење вештачка интелегенција во наставата - продлабочување на начините и алатките за изучување

англиски јазик“, организирана од Експрес Бук ЕЛТ во Музејот за македонската борба за самостојност, Скопје *(Маја Цветкова, Вјоса Војка-Зеќири).*

- \- На 17 септември 2024 година, Фондацијата за образование, развој и иновации од Полска со нивниот партнер ИМПУЛСИ од Скопје спроведе семинар за дисеминација на производите од проектот „Подготвени за почеток“ во Скопје, Македонија. Мисијата на Фондацијата за образование, развој и иновации е да го зајакне граѓанското општество преку изедначување на можностите за индивидуален развој и поддршка на слободната пазарна економија. Проектот кулминираше со состаноци со група од 35 советници, едукатори и обучувачи на работилниците кои ги презентираа и тестираа различните алатки предложени во проектот. Претставник од АСУЦ Боро Петрушевски“ на Град Скопје на семинарот за дисеминација на производите од проектот „Подготвени за почеток“ кој се одржа во Скопје, беше *Ленче Томова.*
- \- 16.10.2024 – 19.10.2024 - Семинар во хотел Метропол/Белви, Охрид, организиран од Одделот за демократско владеење, Портфолио за образование во Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Семинарот се состоеше од интерактивни модули на теми како: „Активно младинско учество“, „Стереотипи и предрасуди“, „Креативно решавање проблеми“, „Родово базирано насилство и родова еднаквост“, „Младите и човековите права“, „Разрешување конфликти и врсничко насилство“, „Медиумска писменост“, со 2 ученички и 1 ученик *(Маја Аевска Иванова);*

\- Од страна на БРО беше организиран семинар со цел да се даде насока на наставниците за успешна подготовка на учениците за ПИСА-тестирањето. На семинарот по математика на македонски наставен јазик, кој се одржа на 26.11.2024 год., присуствуваа наставниците: *Анета Пашоска, Светлана Димитриевска и Климентина Климоска,* а за наставниците на албански наставен јазик се одржа на 2.12.2024 год. На семинар по природни науки на македонски наставен јазик, кој се одржа на 18.11.2024, присуствуваа *Јован Јоновски и Весна Трајковска* и на албански наставен јазик *Веваит Алими,* кој се одржа на 25.11.2025 год. Наставникот присуствуваше на семинар на албански наставен јазик на тема „Учење во дигитална околина“, одржан на 13.12.2024 година во СУГС „Цветан Димов“ - Скопје по повод ПИСА-тестирање на ученици, како и Марија Димитрова, која присуствуваше на семинарот на македонски наставен јазик, кој се одржа во просториите на ФИНКИ на 5.12.2024 година.

\- Симпозиум на тема: „Интердисциплинарноста на логистиката и сообраќајот“, кој се одржа во Сараево, во период од 3 до 5.10.2025 година. *(Мимоза Гичевска, Зоки Стојмиров, Снежана Божиноска-Ристеска);*

\- На 1 ноември 2024 година, во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“, во Скопје, присуствуваме на Седница која се одржува во рамки на глобалната акција на УНЕСКО – „Денови на медиумската писменост“, оваа година со фокус на медиумската писменост во дигиталните простори. Присутни беа 10 ученици од прва година *(Катерина Јакимовска)*.

\- Учество на настан „Насилство врз млади жени и девојки: сексуално вознемирување и демнење“, кој се одржа на 24 ноември, во Лабораториум во Скопје, во организација на ОБСЕ. Целта на настанот беше да се идентификуваат предизвиците во спречувањето и гонењето на насилство врз млади жени и девојки, со акцент на малиот број на пријави и обвиненија. Клучни теми на кои се разговараше беа: ниската свест за сексуално вознемирување, демнењето и контролирачкото однесување како родови форми на насилство, како и долгорочното влијание што овие кривични дела ги имаат врз добросостојбата и развојот на младите жени и девојки. Централен дел на настанот беше потпишувањето на Декларација, а истата ќе послужи како јавна заложба за подобрување на состојбите со овие три форми на родово базирано насилство. Декларацијата содржи десет акциски точки чијашто цел е справување со насилството врз жените и девојките, со конкретни активности и цели кои Мисијата ќе ги поддржи во 2025 година. По панел-дискусијата, Мисијата на ОБСЕ во Скопје ги покани претседателката на Република Северна Македонија, Гордана Силјановска-Давкова; министерката за образование и наука, Весна Јаневска, в.д. директорот на АСУЦ „Боро Петрушевски“, Александар Стрезов, претставници од СУГС „Др. Панче Караѓозов“ од Скопје, Средношколската унија, Националниот младински совет, Националната мрежа

против насилство врз жени и семејно насилство „Стела“, Центарот за еднакви можности "Mollëkuqja" (Ladybug), да ја потпишат Декларацијата. На настанот учествуваа и претставници од Советот на родители и ученици *(Ленче Томова).*

- 15.11.2024 год., учество во настан организиран од проектот ХБСЦ Студија за однесувањата поврзани со здравјето на децата на училишна возраст (11, 13 и 15 години). На настанот учествуваа и претставници од БРО – Сејхане Кадриу, УНФПА – Кристијан Ангелески, Тим на ХБСЦ – Маја Цветаноска, млади учесници од тимот на ХБСЦ – Михаела Стевковска и Панде Ефтимов, ученици од СУГС „Панче Арсокски“ – Скопје, со нивни претставници, додека од нашето училиште учествуваа: *Теута Даци, Маја Аевска Иванова, Ваљдета Касапи.*
- На 24.11.2024 година, Мисијата на ОБСЕ организираше настан на тема: „Насилство врз млади жени и девојки: сексуално вознемирување и демнење“ во Лабораториум Скопје, со цел да се идентификуваат предизвиците во спречувањето и гонењето на насилство врз млади жени и девојки, со акцент на малиот број пријави и обвиненија. По панел-дискусијата имаше обраќање на претседателката на РС Македонија, министерката за образование и наука, претставници од СУГС „Д-р Панче Караѓозов“ и АСУЦ „Боро Петрушевски“ од Скопје, Средношколската унија, Националниот младински совет, Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, Стела, и Центарот за еднакви можности "Mollëkuqja" (Ladybug), да ја потпишат декларацијата. *(Маја Аевска Иванова).*

**Партиципирање во работни групи и консултативни средби:**

- 7.11.2024 - Реализиран настан за вмрежување на координатори за учење преку работа во организација на МОН и ЦСОО *(Соња Ристовска);*
- Формирање тим за следење конкурси од Фондот за иновации и сите останати дејности со воспитно-образовниот центар на сесија за сообраќај со меѓународни размери и заедничка програма: Македонија, Србија, Хрватска, Црна Гора. Воспоставување контакт со средните училишта од регионот за соработка, размена на идеи, искуства и посета на некои од нив. *(Зоки Стојмиров);*
- Воспоставување соработка со: Средното сообраќајно училиште во Земун, Средното техничко училиште „12 фебруар“ од Ниш, Средното училиште од Врање *(Зоки Стојмиров);*
- Формирање тим од ученици пилот-програма „Подобрување на градскиот превоз во град Скопје“ (броење патници, анализа, статистика еден ден во неделата во период од два месеца) со ученици од втора, трета и четврта година *(Зоки Стојмиров);*
- На 26.12.2024 година, беше одржан координативен состанок помеѓу тимот на Националниот младински совет на Македонија, Мрежа „Стела“ и претставници од средните училишита на ниво на Македонија. Цел: информации за активности одобрени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образование за активности кои ќе се организираат во сите средни училишта во Макадонија. Станува збор за реализација на активности за кариерно советување и менторска програма во секое средно училиште, кои треба да се реализираат во период од јануари до јуни 2025 година. На овој состанок беа подетално претставени програмите за кариерно советување и менторство и одобрената методологија за реализација на овие активности. Програмата за кариерно советување обезбедува поддршка на ученици кои се во дилема за изборот на кариера, изборот на факултет и изборот на професија. Првата средба треба да биде групна средба со физичко присуство, со максимум 25 ученици. По завршувањето на групната обука за кариерен развој, доколку има потреба, секој ученик ќе има можност за три индивидуални средби со кариерен советник. Проектот „Еднакви можности за девојчињата и младите жени во Северна Македонија“ е поддржан од Британската амбасада во Скопје. *(Ленче Томова);*
- 28.2.2025 г., присуство на состанок за размена на идеи за последователни активности во врска со акциските точки на Декларацијата за намери, кој ќе се одржи во просториите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје *(Маја Аевска Иванова);*

- Учество во работна група на Министерството за образование и наука, во делот на реализација на предвидените чекори и активности во рамки на „Реформската агенда 2025-2027“, работи на индикаторот поврзан со процесот за професионално и кариерно советување во основното и во средното образование, од 18 до 21.3.2025 година. За таа цел беше формирана работна група, чија задаче беше увид во легислативата и подготовка на соодветни процедури за професионално и кариерно советување во основното и во средното образование *(Ленче Томова);*

- 30.5.2025, настан за вмрежување на КУПР - пиер учење - најдобри практики за соработка на училиште и компанија *(Соња Ристовска);*

- 12.6.202,- национален состанок со експертите од Австрија за новиот проект „Get ready 4 VET“ *(Соња Ристовска);*

- 2.7.2025 - одржан работен состанок за креирање Упатство за кариерен советник во просториите на НМСМ *(Ленче Томова).*

### 5.10. Развој на споредни дејности

Во Развојната програма во делот унапредување на дејностите зацртани се повеќе идеи и планови на кои континуирано напорно се работи. Најголем акцент се стави на:

***АСУЦ БРОКЕР АД –** по долга, темелна и упорна работа, по дванаесет години можеме со гордост да се пофалиме со успешното работење на оваа дополнителна дејност која е од клучно значење за сите субјекти во Центарот. Преку издавањето полиси за автоодговорност на моторните возила се овозможува економско зајакнување на Центарот, а тоа доведува до уште поквалитетно, иновативно работење со крајна цел, задоволни клиенти, ученици, родители, вработени.

*Центар за проценка на ризик на работно место и обуки за безбедност и здравје при работа од почетокот на своите активности, има потпишано 187 договори.

*Станицата за технички преглед работи во континуитет. **За комплетирање** на услугите кон клиентите во просториите на СТП функционира шалтер на ТТК банка.

*Автоперална - работи според пропишаните еколошки стандарди и во функција на Станицата за технички преглед.

*Автошколата и автодромот, исто така, имаа промени во начинот на работење во изминатиот период, поголема грижа за новите возила, контрола во работата, нови договори со институции, континуиран маркетинг и презентирање на Автошколата во средните училишта. Ваквиот проактивен пристап даде подобри резултати во однос на бројот на обучени кандидати, но и подобрување на квалитетот на услугите кои ги нудат Автошколата и Автодромот.

*Училишната работилница, покрај извршувањето на практичната настава, дава услуги и на клиенти, ги сервисира возилата на фирми со потпишани договори, но, исто така, дава услуги и за клиентите од СТП. Новиот пристап кон работата и примената на најнови еколошки мерки во училишната работилница придонесе за зголемување на квалитетот и ефикасноста при работењето, како и за зголемување на еколошката свест на учениците.

## 6. Работа на управните и стручните органи и тела

### 6.1. Училиштен одбор

Орган на управување во АСУЦ„Боро Петрушевски“ е Училишниот одбор. Училишниот одбор во Училиштето е составен од 12 члена, и тоа: четири претставници од наставниците, три претставници од родителите/старателите на учениците, три претставници од основачот и по еден претставник од Министерството и од деловната заедница. Во 2024/2025 година Училишниот одбор одржа 14 седници и донесе 69 одлуки.

### 6.2. Совет на родители

Советот на родителите е значаен фактор во целокупната воспитно-образовна активност во Училиштето. Оваа учебна година, покрај партиципирањето во анализите на успехот и поведението на учениците во класификациски периоди, предлагањето мерки, сугестии и грижа за нивното спроведување, родителите беа вклучени во дебати и конкретни активности кои се организираат со цел подобрување на редовноста, успехот и здравите животни навики на нивните деца.

Советот на родители одржа 13 седници и беа донесени 14 одлуки.

### 6.3. Наставнички совет на Училиштето

Наставничкиот совет е највисок стручен орган кој води грижа за целокупната воспитно-образовна работа во Училиштето. Членови на Наставничкиот совет се сите вработени наставници. Со него раководи директорот на Училиштето. Тој е иницијатор на осовременување на наставниот процес, затоа се залага за примена на иновациите во наставата како и примена на активни методи форми и средства кои го подобруваат квалитетот на наставата. Како највисок стручен орган се ангажира во остварувањето на задачите што произлегуваат од општата програмска структура. Една од тие задачи, секако, е следењето и подобрувањето на квалитетот на наставниот процес, како и следењето на слободните ученички активности, ученички организации, јавна и културна дејност, грижа за здравјето на учениците и друго. Наставничкиот совет одржа 22седници и донесе 14 одлуки.

### 6.4. Менаџерски тим на Училиштето

Менаџерскиот тим во АСУЦ „Боро Петрушевски" е одговорен за целокупниот развој и работење во Училиштето. АСУЦ е комплесен училиштен центар и бара многу квалитетно организирање и распоредување на активностите.

**Раководната структура, односно менаџерскиот тим,** се состои од: директор, помошник-директор за настава, помошник-директор за истражување, обука и развој, 4 шефа по наставни подрачја, 2 шефа за теоретска настава и 1 шеф за практична настава, 4 претставници на Стручна служба; и во дополнителните дејности: 1 раководител на Станица за технички преглед, 1 раководител во Техничка служба, 1 шеф на Автошкола.

Во Училиштето има одличен модел на систем за планирање, реализирање и контрола на квалитетот на реализацијата на активностите.

- **Директорот** е главниот лидер, креатор, планер и одговорен за целокупното работење во Училиштето, но директорот има и јасна претстава и проценка за јаките страни на манаџерскиот тим и во таа насока им ги дава надлежностите. Тој е одговорен да обезбеди пријатна и безбедна клима за учење и работа во Училиштето.

- **Помошникот-директор за настава и шефовите за настава** имаат клучна улога за организирање на наставата, распоредот, дежурствата, редовноста, почитувањето на Кодексот и Куќниот ред, планирање и обезбедување услови за работа, вклучување на родителите, планирање и организирање на феријалната практика и практична настава итн.

- **Помошникот-директор за истражување, обука и развој** има улога во ефикасното и одговорно справување со бројните предизвици, обезбедувањето услови за личен и професионален развој на вработените, целосно да биде фокусиран кон подобрување на условите за работа и унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во Училиштето. Од него се очекува да креира топла, пријатна и поттикнувачка атмосфера за учење и работа, да поддржува квалитетни социјални односи, тимска работа, јасна поделба на улогите и одговорностите, да негува меѓусебна поддршка на сите вработени и да осигура квалитет во работењето.

Еден од предизвиците кој претстои е развој и унапредување на останатите сектори во Центарот. Темелната анализа на состојбите ќе произведе конкретни планови за развој и

унапредување на дејностите преку стратегии за маркетинг и промоција, како и примена на иновативен пристап во работењето.

- **Шефовите на наставните подрачја** се грижат за квалитетот на наставната работа – предавањето и оценувањето. Даваат поддршка за поквалитетни часови, примена на ИКТ, помагаат за подготовките на посебните програми на наставниците и водат грижа за нивно спроведување. Одржуваат состаноци за новитети во наставата, квалитет на подготовките, тестовите, ги проценуваат потребите за обуки на наставниците, посетуваат часови, пишуваат извештаи за квалитетот на наставната работа, поттикнуваат секции, проекти, учество на натпревари и други креативни активности.

- **Стручната служба** е дел од менаџерскиот тим која максимално се вложува за училишната клима и за организациското однесување. Спроведува истражувања за констатирање состојби и преземање мерки за унапредување, работи со ученици, родители и наставници, одговорна е за спроведување на проектите.

- Во дополнителните дејности, директорот, помошник-директорот за истражување, обука и развој со **раководителите на СТП и техничка служба, автошкола и брокерското друштво** ја спроведуваат Програмата за развој во тие сектори и се борат за зголемување на бројот на клиенти и зголемено задоволство на клиентите од нашите услуги. Користат разни форми на промоции и маркетинг. Подготвуваат логистичка поддршка од автоперална, работилница, хомологација и сл. и обезбедуваат пакети на поволности.

Во Училиштето има неколку екипирани тимови кои работат на посебни сегменти на делигирани задачи од страна на директорот и помошникот-директор за истражување, обука и развој, за образовната дејност и за дополнителните дејности. Директорот и помошникот-директор за истражување, обука и развој постојано креираат политики за квалитет во образованието, а заедно со раководителите на секторите ги следат сите законски можности за отворање нови и дополнување на постоечките дејности во Училиштетоподготвуваат елаборати и се евидентираат сите активности неопходни за добивање и развој на дејностите. Притоа, во континуитет воспоставуваат контакти и професионални односи со надлежните институции, социјалните партнери, претпријатија, синдикати и со граѓаните.

### 6.5. Стручни активи

Стручните активи претставуваат организирани тела на наставниците од исти или сродни предмети. Секој стручен актив работи по сопствена програма. Во Училиштето има неколку наставни подрачја со неколку активи и секое од нив е раководено од шеф на наставно подрачје. Наставниците од сите активи учествуваат во проекти и активности кои се претходно опишани, но имаат и посебни фокуси на дејствување кои произлегуваат од специјализираноста на активите на одредени проблематики.

| **Стручен актив** | **Фокус на потесни активности** |
|---|---|
| Општествено-хуманитарно наставно подрачје, брои 13 наставници, раководено од Виолета Кралевска | Ефикасно користење на ИКТ опрема, е-содржини и електронска табла; поголема вклученост на учениците со ПОП во вонnаставните активности; менторирањето како процес во континуитет, воспитување на демократичност, толерантност, конструктивност, креативност, трпеливост и меѓусебно разбирање; продлабочување на соработката со научни, спортски, културни и хуманитарни организации и институции. |

| | |
|---|---|
| Стручно наставно подрачје<br>22 наставници, раководено од Мерита Груби | Ревизија на наставните планови и програми по стручни предмети, поврзаноста на теоријата и практиката, усогласувањата во стандардите на знаења преку користење тестови со нивоа на знаења и програми со дефинирани стандарди на постигнувања. Образование на возрасни преку специјални обуки, секции и креативни катчиња, квизови на знаења и натпревари. Промоција на Училиштето преку иновации и организирање атрактивни манифестации. |
| Природно-математичко наставно подрачје – 15 наставници, раководено од Анета Пашоска | Дијагностицирање на влезното знаење на учениците по математика и физика, подготвување интензивна додатна и дополнителна настава за пополнување празнини од основно училиште, придонес за поголеми знаења кај учениците и позитивен резултат на Државната матура. Примарната цел на ваквите активности, каде главни носители се ученици, е да се поттикне одговорност кон зададените задачи, почитување на временските рамки и мотив за активно вклучување во вонваставни активности. |
| Културолошко-јазично наставно подрачје, 14 наставници, раководено од Силвија Митревска-Филипова | Голем број проекти кои ја зацврстуваат националната свест и култура, почитувањето на литературното минато и класиците на јазичното национално творештво. Овој актив развива прирачници за различни тематски целини. |
| Актив по практична настава, брои 11 вработени, раководен од Агим Јусуфи | Унапредување на стручни вештини, работа на специјализирана опрема, квизови на знаења и активности преку натпревари и истражувачки катчиња. Промоција на Училиштето преку активности предвидени со секцијата по практична настава. |

Шефовите на наставните подрачја/активите работеа според приложената програма со акциски план по месеци, секој месец доставува извештаи до директорот за динамиката на реализациите, секој месец организираа работни состаноци на кои се решаваа важни теми од нивната област.

Стручните активи се најважната клетка во организациската структура во Училиштето.

## 7. Екскурзии

Во Училиштето секоја година се подготвува Акциски план за екскурзии. Оваа година беа релизирани два еднодневни излета: есенски излет - во Старата скопска чаршија, и пролетен излет - на кејот на реката Вардар.

## 8. Извори на финансирање

Средствата за финансирање на АСУЦ „Боро Петрушевски“ се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, на начин и по постапка утврдени со Законот за буџетите на Република Северна Македонија, Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и од самофинансирачките дејности - Станица за технички преглед, Автошкола, Брокер, Работилница и Автодром.

**Постапките за финансиско работење** што ги спроведува Училиштето се во согласност со законските норми, а за училишниот буџет и за трошењето редовно ги информира органите и телата во Училиштето и родителите.

Училиштето планира и обезбедува доволно материјално-технички средства. Постојните нагледни средства и опрема се во функција, а Училиштето обезбедува средства за нивно одржување и набавува нови нагледни средства во насока на модернизирање на наставата.

Училиштето има план за подобрување на инфраструктурата и во врска со тоа соработува со локалната самоуправа и заедница.

## 9. Соработка на Училиштето

Соработката што ја врши Училиштето со сите надворешни институции и партнери е на високо професионално ниво во насока на реализирање на заедничките интереси.

Оваа година во Училиштето се реализираше евакуациска вежба.

- *На 25.11.2024 година*, во соработка со Центарот за управување со кризи, Министерството за внатрешни работи, Црвениот крст и Брзата помош се спроведе *симулација за спасување од пожар* во која беа вклучени сите ученици и сите вработени од Училиштето.

Континуирано се реализира соработка на сите нивоа на образование, сите допирни министерства, институции од областа на сообраќајот, ЦСОО, Град Скопје и БРО и со сите претпријатија и институции со кои Училиштето има заеднички активности.

- Оваа учебна година соработката со **Град Скопје** беше многу продлабочена, не само за тековните форми на соработка, туку и во спроведувањето на многу проектни активности за подобрување на училишната клима. Беа реализирани повеќе активности:

- Хуманитарен базар за лекување на ученичка од средно училиште од Скопје. На базарот, кој се реализираше во куќарките на Градскиот плоштад, во организација на Град Скопје, учениците продаваа рачни изработки, домашни производи и топли напитоци. Преку истакнатите пораки посочуваа колку се важни хуманоста, здравјето и среќата, со надеж дека собраните средства ќе помогнат за среќна иднина на младата девојка.

- 10.6.2025 година, учество на настан во пожарната Автокоманда со 50 ученици од АСУЦ „Боро Петрушевски“ и сите останати училишта од град Скопје и директорот на училиштето, *Александар Стрезов (Маја Аевска Иванова и Халиме Демир Коруни).*

- Соработката со **МОН** се одвиваше со висок квалитет, особено преку вклучување на вработените при изработка на документи давајќи ги за пример своите училишни искуства.

- Соработката со **ДИЦ,** меѓу другото, беше во насока на успешно реализирање на Државната матура и Завршниот испит:

  - Писа-тестирање Во текот на октомври во нашето училиште беше спроведено пробно ПИСА-тестирање, кое се реализираше два дена (3 и 4.10.2024 г.). Со пробното тестирање беа опфатени само учениците кои следат настава на македонски наставен јазик. Вкупно беа тестирани 88 ученици, а беа ангажирани 6 главни и 6 резервни тестатори.
  - Главното ПИСА-тестирање во нашето училиште се спроведе во април 2025 година. Тестирањето се реализираше два дена (7 и 8.4.2025 г.). Со главното тестирање беа опфатени ученици од прва година кои следат настава на македонски и на албански наставен јазик. Вкупно беа тестирани 76 ученици, од кои 44 на македонски наставен јазик и 32 на албански наставен јазик. Ангажирани беа 6 главни тестатори ( тројца на македонски и тројца на албански наставен јазик).

- Во рамки на подготовките за ПИСА-тестирањето беа реализирани обуки за наставниците кои предаваат во прва година, по следниве предмети: математика, физика, мајчин јазик и информатика. Обуките се реализираа од страна на советници од Државен испитен центар на македонски и на албански наставен јазик. Секој од наставниците следеше по една обука, по својот предмет на соодветниот наставен јазик. Исто така, тестаторите кои беа ангажирани за спроведување на тестирањето имаа можност да следат онлајн-обука на која беа дадени насоки за успешно и професионално реализирање на ПИСА-тестот. Пробното и главното тестирање беа успешно спроведени без забелешки од страна на ДИЦ. *(Теута Даци, координатор за ПИСА).*

- соработка со Државен испитен центар (ДИЦ), односно доставување на податоците кои беа побарани од нивна страна и пополнета табела за матурантите кои се имаат стекнато со диплома за завршено средно образование (Завршен испит и Државна матура) *(Кастриот Касапи).*
- Соработка со **ЦСОО** за отворање нов образовен профил Возач на моторно возило, во сообраќајна струка, тригодишно образование *(помошник-директор за обука, истражување и развој, Кристијан Петрески, Снежана Божиноска-Ристеска, Николче Спасовски).*

Соработка со Национална агенција за тековните проекти од програмата „Еразмус+" – *(Катерина Јакимовска).*

-Соработката со социјалните партнери секоја година се интензивира. Социјалните партнери со кои минатата година потпишавме меморандуми на соработка, оваа година бараа наши ученици од завршни години да се вработат кај нив. Остварена е соработка со повеќе социјални партнери со кои се потпишани меморандуми за соработка помеѓу Училиштето и работодавачите**.** Значајно е тоа што соработката вклучува можност за реализација на практичната настава и феријалната практика на учениците од сите образовни профили, согласно со новите наставни планови.

- Соработка со медицинските институции задолжени за спроведување на акциите препорачани од Министерството за здравство.

- Соработка со Здравствен дом - Амбуланта Автокоманда за организирање систематки преглед и вакцинација на учениците од завршните години *( Сунчица Белинска-Андов).*

- **Соработка со Министерство за внатрешни работи**

*„НА МАТУРСКА ВЕЧЕР БЕЗ АВТОМОБИЛ"*

Во АСУЦ „Боро Петрушевски" на Град Скопје, на 28.4.2025 година, започна кампањата „Да ја подигнеме сообраќајната свест кај младите - 2025, на матурска вечер без автомобил". На почетокот на кампањата на матурантите им се обратија министерот за внатрешни работи, Панче Тошковски, претседателот на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, Горан Ангеловски, в.д. директорот на Училиштето, Александар Стрезов, а презентација на тема „На матурска вечер без автомобил" имаше професорот по сообраќајна група предмети во АСУЦ, Зоки Стојмиров. Беа присутни и претставници од Факултетот за безбедност, од Министерството за внатрешни работи, матурантите од АСУЦ и голем број професори од Училиштето. Целта на оваа кампања е подигнување на сообраќајната свест кај младите. Во АСУЦ „Боро Петрушевски" на Град Скопје постојано се спроведуваат активности за подигнување на сообраќајната култура и безбедноста во сообраќајот на учениците. Матурантите од АСУЦ имаа можност од стручни лица да добијат насоки за унапредување на безбедноста во сообраќајот пред и за време на матурските прослави.

**Соработката со родителите** се остварува преку родителски средби, индивидуални контакти со родителите, преку Советот на родители. Родителите даваат предлози и мислења за наставните планови и програми, за Годишната програма и самостојно изработената Програма за работа на Советот на родители. Родителите учествуваа во подготвување на Програмата за развој на училиштето и во самоевалуацијата. За родителските состаноци има посебна програма, за секоја седница се истакнува дневен ред, на кој, покрај вообичаените точки за успех и дисциплина, се доставуваат многу други информативни материјали, писма и повици за соработка.

Соработката со **Полициската станица во Гази Баба** е контиунурана и успешна. Училиштето е во постојан контакт и секогаш добива навремена интервенција.

И покрај тоа што АСУЦ „Боро Петрушевски" припаѓа на Град Скопје, Училиштето гравитира во **Општина Гази Баба** и е вклучено во сите случувања во Општината. Исто

така, Училиштето соработува и со *основните училишта*. *Исто така, Училиштето остварува соработка и со други општини:*

- На 25.9.2024 година, наставникот *Буњамин Османи* заедно со учениците Агон Амети, Валмир Мемети, Афан Алији, Бесмир Муареми, Сеад Реџепи, Абдула Дука и Хадис Зендели го застапувавме нашето училиште во Општина Чаир на меморијална академија по повод смртта на поетот Фадил Цури во организација на Општина Чаир, заедно со Издавачката куќа „Шкупи“.

### Меѓународна соработка

- Училиштето веќе 17 години соработува со стручни училишта од: **Австрија, Полска, Чешка, Литванија, Словачка, Франција, Словенија, Турција**. Се реализираат заеднички проекти, меѓу кои и традиционалниот меѓународен натпревар за автомеханичари кој најповеќе ги зближува, кој оваа година се оддржа во Истамбул, Турција.

- Проектниот координативен тим на АСУЦ ја продолжи соработката со европски развиени земји преку програмата „Еразмус +“, и тоа со: Шпанија, Португалија, Полска, Словенија, Латвија, Австрија, Финска, Белгија и др.Долгогодишна соработка и размена на искуства со: Средното стручно училиште од Крагуевац, Средното стручно училиште „Иван Ускоковиќ“ од Подгорица; Техничкото училиште „Иван Сариќ“ од Суботица; Центарот за стручно образование од Љубљана.

- Соработка со училиштето “Otomotiv Mesleki ve Teknik Anadolu Lisesi”, од Бурса, Турција

### Соработка со медиуми и маркетинг во Училиштето

Маркетингот е составен дел на развојните компоненти во Училиштето и се реализира во функција на уписната стратегија и развојот на дополнителните дејности.

Изработени се видеоклипови, плакати, брошури, летоци со општа и со конкретна намена.

- Станицата за технички преглед и Автошколата се рекламираа преку разни форми и различни видови медиуми - летоци, постери, радио, информатор.

- Збогатена е веб-страницата на Училиштето.

Во наредната година во ова подрачје ќе се реализираат сите овие активности, но и ќе се воведат активности за анализа на состојби - задоволство на клиенти, закана од конкуренти, силни страни итн.

## 10. Самоевалуација на Училиштето и изработка на нов Развоен план

Оваа учебна година се спроведе самоевалуација на Училиштето за учебните 2022-2023 и за 2023-2024 година. Самоевалуацијата ја спроведоа работна група од седум наставници кои заедно со своите тимови работеа на подрачјата: Наставни планови и програми; Постигнување на учениците; Учење и настава; Поддршка на учениците; ЕТОС; Ресурси; Раководство и креирање политика. Тие спроевдоа анкети, интервјуа и извршија увид во потребната документација врз основа на кои ги обезбедија сите потребни податоци и материјали. Секој работен тим издвои силни и слаби страни на Училиштето. Потоа направи анализа на работата и предложи приоритети, односно идни активности. Резултатите од извршената самоевалуација беа образложени пред Наставничкиот совет, на 22.10.2024 година. Во насоките за наредната година акцентот се става на активности кои и досега се работеле во Училиштето, а бараат понатамошен развој, како и на некои нови кои се приоритети во Планот за развој на Училиштето.

### 11. Заклучни согледувања и предлог-мерки за унапредување на дејноста

Трендот на унапредување и воспоставување нов систем и режим на работењето и организациската култура оваа учебна година го дефинира карактерот на транспарентност, поддршка и напредување во воспитно-образовната работа. Во таквата унапредена клима учениците и наставниците имаа високо ниво на соработка и постигнаа видни резултати, пред сѐ, во успехот на учениците и реализацијата на голем број проекти. Од аспект на развојната димензија во Училиштето, оваа учебна година се случија големи промени. По единаесет години од отворањето на АСУЦ Брокер АД можеме да се пофалиме со ефикасност и професионалност во работењето и опслужувањето на клиентите. Исто така, се работеше на унапредување на работата на СТП и на Центарот за хомологација, односно акредитираната Техничка служба, БЗР-проценка на ризик на работно место и обуки за безбедност и здравје при работа**,** се унапреди работата на „живи возила" во работилницата, хемиско чистење моторни возила.

И покрај тоа што на национално ниво бројот на ученици кои се запишуваат во средно сттручно образование е многу опаднат, успеавме да го сочуваме трендот на пораст на ученици кои ќе бидат распоредени во паралелките одобрени од МОН. Новата стратегија за упис на ученици оваа година навистина даде свој плод. Важна за потенцирање е **целосната опфатеност на вработените во обуки** за интензивирање на поставените цели и воспоставување квалитетна воспитно-образовна работа и развивање образование на редовни, вонредни и возрасни кандидати.

**Меѓународната соработка** се издигна на повисоко ниво и создаде трајни партнерства на нашето училиште со училишта во повеќе европски држави.

**Сите овие резултати бараат континуитет и одржливост, а Училиштето за тоа максимално ќе се залага.**

***Приоритети во работењето на Училиштето во наредната учебна година ќе бидат:***

- Зајакнување на стручните компетенции на учениците и можност за нивно вработување во новоотворените фабрики во индустриските зони кои се поврзани со производство на автомобилски делови и модерни сервиси со кои нашето училиште има потпишано меморандуми на соработка.
- Унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во Училиштето.
- Успешна реализација на меѓународните проекти преку кои ќе направиме размена и студиски патувања на ученици и наставници.
- Успешна реализација на проектите иницирани и поддржани од Град Скопје, МОН, ЦСОО, БРО и други институции.
- Продоложување со процедурата за воспоставување најсовремено постсредно образование, образование за возрасни. Ќе се вршат истражувања и развивање планови и програми за разни други модули, ќе се врши маркетинг за нив и ќе се развие кампања за придобивање кандидати.
- Организирање Центар за обука и кариера во АСУЦ.
- Унапредување на работата на дополнителните дејности преку анализа на состојбите и примена на еден современ систем на промоција на услугите и придобивање што поголем број корисници со крајна цел поквалитетно образование.

**ОДОБРУВАЊЕТО НА ИЗВЕШТАЈОТ за реализација на воспитно-образовната работа за учебната 2024/2025 година го предложи Наставничкиот совет, а го одобри Училишниот одбор со одлука број 02-1231/3 од 27.8.2025 година.**

***Извештајот го подготви:***

*директор, Александар Стрезов*

*со соработниците*